**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третото продложение на Сто и четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 2 декември 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија .

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 114-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Стојан Андов, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Силвана Бонева, Сашко Кедев, Рафет Муминовиќ, Али Ахмети, Теута Арифи, Абдулади Вејсели и Љубчо Георгиевски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со утврдување на Предлогот на амандманите на Уставот на Република Македонија.

Со други зборови продолжуваме со општиот претрес по текстот на Предлогот на амандманот 28 на Уставот на Република Македонија.

Госпоѓо Пеева, повелете.

**Ангелка Пеева-Лауренчиќ:** Благодарам претседателе, почитувани колеги пратеници,

Во секојдневниот живот има бон тон, меѓутоа во Парламентот нема бон тон и би го замолила колегата Флоровски ако од тие причини ми даде мене претходно збор, во иднина тоа да не го прави, затоа што тука сме рамноправни во половите. А, ако причините се некои други, тогаш во ред.

Темата за која што наголемо се разговара веќе со месеци во државата, а за која што ние дебатираме неколку работни денови во минатата и оваа недела, е лоцирана како еден од клучните проблеми за функционирањето на системот во државата воопшто.

Многумина се согласуваат дека токму амандманот 28 и по него амандманот 29, се суштина во реформите на судскиот систем. Се сеќавам и на иницијативата на ЛДП, некаде есента 2003 година посветена на овие реформи. Заклучоците од таа дебата во многу се поклопуваат и со предложените уставни амандмани. За жал, во тоа време ваквата иницијатива беше дочекана како пренанета и прерадикална, затоа што барала измени во Уставот. Но, без оглед ЛДП сеуште стои на истите позиции. Важно е што порано или подоцна таквите заложби ќе доживеат конечно уставна рамка. Што ќе рече дека пратеничката група на ЛДП ќе го поддржи амандманот 28.

Но, од друга страна ЛДП е свесна за најмалку 4 работи, а тоа е дека, прво, реформата на судскиот систем и самиот судски систем не го чинат само судиите и судот, туку цел еден конгломерат на позиции и односи, почнувајќи од адвокатурата преку бранителството до обвинителството итн.

Второ, дека некои законски решенија и процедури и досега беа возможни, а во функција на поддржување и подобрување на судскиот систем.

Трето, дека во судскиот систем, освен законски решенија и уставни норми треба да се вложува како во неговиот кадровски потенцијал, така и во неговата техничка екипираност.

Четврто и најважно за нас либералдемократите е дека за успешна реализација на било која реформа, покрај правната рамка, неопходна е реформа на умот, на нашиот со години граден ментален код кој не малку, туку револуционерно треба да се менува.

Постојниот систем на вредности, постојниот начин на размислување нема да го променат ни 100 уставни амандмани ако немаме храброст да се погледнеме во очи и да признаеме дека речиси секој кој на било кој начин бил упатен на судот не поставил барем две прашања. Кај кој судија е предметот и како може да влијае врз него за позитивна одлука.

Оваа колективна инфекција од која сме сите заразени бара најнапред соочување на секој од нас само со себе и признание барем пред себеси, без дополнително оправдување дека сите тоа го прават.Неопходно е тоа да го сториме пред да донесеме конечен личен суд дека за се се кабает судиите и судскиот систем.

Неодржлива и крајно несреќна е нашата колективна параноја дека е виновен некој друг, а не и ние самите. Се разбира, дека за дефинитивно прифаќање и промена на реалноста треба време и поинаков морален систем на вредности.

Очигледно е дека постои политичка волја за реформи во судството и не само заради тоа што некој друг ни рекол или заради тоа што Европската Унија тоа од нас го бара, туку заради нас, заради граѓаните на Република Македонија, зашто во спротивност ќе се задушиме самите себеси, делејќи се на кланови по разни основи, етнички, политички, бизнис и какви уште не за кои сме махери да ги измислиме, иако не постојат, а не има само 2 милиони. Така ќе се измачуваме со непродуктивни мисли за нашата моќ кон измислениот непријател.

Мораме да станеме свесни, барем ние како членови на овој Парламент дека е крајно време да градиме цврсти и функционални системи, да го оставиме настрана хедонизмот што ни го допушта политичката или бизнис позицијата. Така, имаме шанса да земеме воздух, кој со време се надевам ќе станува се почист.

Историјата дене ни дава нова шанса да ги поставиме работите, да го стегнеме системот и тој да функционира во корист на граѓаните без оглед кој е на власт. Среќната околност е тоа што оваа политичка структура е решена тоа да го стори, без оглед дали тоа ќе скрати поприличен дел од политичката комоција. Уставните амандмани за реформа на судскиот систем се во тој правец, особено амандманот 28. Тој нуди концепт, основа за поставување на политички независно и можност за ефикасно судство.

И, навистина, не ми се до крај јасни мотивите на еден дел од опозицијата, која наместо да ги форсира овие процеси, се става во позиција да го брани минатото.

Предложениот амандман 28 или како што вели текстот "гарантира самостојна и независна судска власт", таквата јака јазична конструкција произлегува од понудениот механизам за избор на 15-те членови на Судски совет, од кои повеќе од половината се избрани токму од еснафот од судиите.

Заради тоа, за ЛДП се чинат само козметички, а не суштински забелешките и барањата на еден дел од опозицијата, за предлог составот на Судскиот совет. Тоа што е особено важно и на што ЛДП инсистираше, а и понатаму ќе опстојува на истиот правец, е јавноста на работата на Судскиот совет. Ние и досега во неколку наврати баравме Собранието да ги знае критериумите, причините и кандидатите за избор на судии. Тоа мора да биде јавно достапен податок. Јавноста заслужува да знае зошто некој напредува во судската кариера, кои биле неговите конкуренти и зошто токму тој апликант е избран. Ако навистина сакаме да имаме сериозен судски систем, јавноста мора да биде дел од неговото функционирање.

На крајот на краиштата таа јавност, тие граѓани го плаќаат функционирањето на системот. Само така ќе обезбедиме елементи за здраво судство, компетентност, независност и ефикасност. На тој начин секој судија што претендира да напредува во судската кариера, сериозно ќе размисли дали ќе прифати нечие влијание, дали ќе го решава предметот во пристоен рок и како ќе го реши. За среќа, за разлика од многу други буџетско платени функции и позиции, судската функција т.е. учинокот на еден судија е мерлив, па дури и математички може да се изрази. Број и процент на решени предмети, комплексност на предметите, број и процент на потврдени одлуки итн.

За ЛДП е неприфатливо секое поинакво функционирање на Судскиот совет, за што во спротивно без јавност и транспарентност во име на некакви реформи ќе искреираме еден центар на огромна моќ, прилично затворен и недопирлив за јавна критика. Без дневна транспарентност во вистинска смисла на зборот, на што, како што реков ЛДП веќе подолго време инсистира, а не само годишен извештај до Собранието, овие реформи почитувани колеги, нема да вредат ни пет пари. Единствено што ќе остане реформирано е имато на Советот, кој ќе остане без придавката "Републички".

ЛДП останува убедена дека нејзините инсистирања на овие елементи ќе бидат дел од законските акти што ќе произлезат од овој уставен амандман 28, заради што условно го прифаќаме во оваа прилика. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете, госпоѓо Којзеклиска, имате три минути реплика.

**Марија Којзеклиска:** Ќе бидам и пократка, претседателе.

Претходниот дискутант, колешката Пеева, не можеше да си објасни зошто опозицијата го критикува амандманот 28 и најде толку забелешки на самиот текст на амандманот, па поради тие причини смета дека тоа е само козметичка шминка на дел од опозицијата. Меѓутоа, на крајот од својот говор колешката Пеева самата си даде одговор на тоа прашање и тоа воделот на затворањето на кругот на кој укажува опозицијата, посебно со овој амандман. Значи, бирократизирање на ова тело кое треба да се формира Судски совет наследник на сегашниот Републички судски совет. И, токму причината што никој, почитувана колешке, нема контрола врз ова тело и дава право на опозицијата да размислува дека од реформите, не само дека нема да вредат пет пари, туку нема да има ни буквата "Р" од реформи. Затоа што, никој нема контрола на овој Судски совет и има опасност од затворање и бирократизирање на ова тело кое треба да ги избира идните судии и да ги постави темелите на независно судство. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута имате, госпоѓо Пеева.

**Ангелка Пеева-Лауренчиќ:** Најнапред би сакала да ви се заблагодарам што внимателно сте ме следеле.

Прво, кога велев еден дел од опозицијата, воопшто не мислев на вашата пратеничка група, туку на една друга опозициона пратеничка група што се јавува од три до 9 гласови против скоро на секој амандман, што значи погрешно сте ја лоцирале забелешката.

Што се однесува до вториот дел за јавноста и транспарентноста, тука ќе бидеме на еден заеднички став, ако не поддржите во тоа, во законскиот дел кој што ќе произлезе од уставниот амандман 28, ќе побараме највисоко ниво на јавност и транспарентност во работата на Судскиот совет , што се разбира не смее и не треба да биде уставна материја.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски имате збор.

**Александар Флоровски:** Дамите секогаш имаат предност, но не знам зошто вашиот колега и коалиционен партнер господинот Макрадули за бон тон се јавува како дрвен адвокат и од место дофрлува дали од Флоровски ќе барате компромис. Мислам дека тоа не е во ред. Вашиот

коментар не беше во ред. Но, ќе ги прегледаме вака работите и нема посебно да ги коментираме. Зошто сум се пријавил, па ако сме сите еднакви кога сакам ќе се пријавам, кога сакам ќе се одјавам, а ако веќе говориме за таа материја. Зошто станав да говорам по овој амандман, од едноставна причина што министерката во едно свое интервју ме повика на кооперативност како опозиција да гласаме за измените на Уставот и тоа сакам да го почитувам да дадам сопствено видување и сопствен дел, она што мојот ментален склоп може да го дозволи како знаење по оваа материја. Поминувајќи овде 10 години човек може многу да научи и да заврши повеќе факултети низ овој Парламент. Значи, јас едноставно се одповикувам на позивот на госпоѓата Младеновска во интервјуто од 9.11.2005 година, каде што бара кооперативност и соработка. Тоа е причината на моето излегување, а не да пуштам памфлети политички дали сум за онакво, такво или некое трето судство. Јас си кажувам јасно за какво судство сум и да го коментирам она што е предложено денес и се наоѓа пред нас.

Говорев за два амандмани досега, а овој е третиот и немам намера да говорам за повеќе амандмани и дали ќе гласам за нив тоа е знак на прашање. Имам впечаток дека сето ова што се случува овде повеќе ми наликува на шминка,според моите видувања.

Што значи независно судство кон кое се стремиме сите со промената на овие амандмани. Независно судство, барем за мене, е судство кое буквално ќе нема никаква допирна точка со извршната власт. Кога говорам во овој контекст, велам дека да не допираат до нив разно разни притисоци кои се случуваат и се познати и не сакам посебн да ги коментирам. Значи, судиите едноставно оставам и во она што ќе значи извршна власт и нивен притисок во разно разни случаеви, во разно разни предмети кои се маткаат низ судските простории во Република Македонија. Во таква работа, во таква идеална работа, не верувам дека може да се направи, не овде во  Македонија, било каде во светот таква работа не постои. Да се стремиме кон тоа да се расчисти целото судство од политичките влијанија, дали денес сте вие на власт, утре ќе биде друга политичка партија, во таа работа немојте да верувате. Секој ќе гледа да ја искористи сопствена политичка моќ на извршна власт да изврши одредени притисоци врз одредени судии.

Единствениот начин некако да се раздалечи од тие две работи е да се заштити судијата. Постојат повеќе модуси како тоа да се направи.

Конкретно за овој амандман 28 е најпроблематичен, ако можеме така да го крстиме, кој во одредени сегменти навлегува и во меѓуетничките односи и фактички целиот амандман 28 го исполитизира. И таму каде што нема потреба во една ваква материја која го регулира работењето на Судскиот совет постои политика. Во се постои политика, но мора да се прават напори таа максимално да ссе избегне, барем од оваа третата судска власт, која е уставно така дефинирана. Значи, не се направија напори или не можеше подалеку да се оди и во Владата, па се подлегна на одредени притисоци, одредени решенија да навлегуваат во тие меѓуетнички односи, кои овде постојано ја разбуркуваат и македонската јавност и нас како Македонски парламент. Значи, не успеа таа работа да се избегне, не што не сакала или не сакале одредени чинители, едноставно им било наметнато таквото решение. Јас верувам дека така било, но тоа за мене значи една лоша политика, бегање од стварноста и бегање од она што секојдневно ни се случува и продолжуваме со една политика во една друга сфера.

Во контекст на Законот со знамиња, овде говоревме многу работи, а нус производот го видовме од пред три дена. Сега, повторно говориме за амандманот 28 од членот 104 на постојниот Устав, верувајте дека ќе се случуваат слични работи доколку не се прифатат одредени решенија кои ќе ги понудам и кои се радикални. Не ги понудив како амандман, знаејќи дека во старт ќе се отфрли и џабе да не ми биде маката воопшто не го понудив. Но, ќе прочитам и ќе образложам зошто се моите видувања такви, за да можам вас да ви ја олеснам работата. Да не се судрувате секојдневно со разно разни политички меѓуетнички проблеми кои ги има во државата и не знам кој ќе биде тој маж кој најде сили, храброст, ум, харизма и сила да ги реши тие прашања кои се болни и за македонскиот народ и за македонското општество.

Сакам да кажам дека со овие амандмани, поточно со амандманот 28 имам чуство дека Владата, оној македонски дел од Владата стана заложник на една, како да ја крстам, неконзистентна политика, не добра полкитика, народски кажано.

Во контекст на она што го говорев во врска за Законот за знамиња, говоревме три дена овде и никој не не свати сериозно, си играа подбив со нас, а пред три дена видовте што се случи, цела македонска јавност виде што се случи. За жал, состојбите се такви. Сето тоа што го говориме, верувајте дека е добронамерно затоа што некој друг ќе дојде, ќе мора ова што е веќе стекнато да се наследи, ќе мора да продолжи по еден ист пат, ако е тој пат крив, ќе продолжи по кривиот пат. Значи, го бараме правиот пат, заедно сите ние овде колку можеме и умееме и колку е вашата желба да прифатите дел од нашите сугестии и видувања, едноставно да помогнеме, затоа што одговорноста е заедничка, ако сме ние во позиција на опозиција. Точно е дека позицијата која ја има денес владеачката гарнитура, говорам претежно македонските партии, е поголема од нашата, но исто така и нашата позиција, во случајот, не само во случајот, во работењето на Парламентот не тера да бидеме сериозни по вакви битни национални прашања и национални решенија со овие уставни решенија кои ги нудите.

Спроведовте една јавна расправа која е добра, во секој случај, не отидовте набрзина да ги решавате работите, незнам, секого вклучивте во овие работи, но по сите амандмани имате многу дисонантни тонови. Но, превагнуваат две работи, про и контра. Едни се за понуденото решение кое го нудите во амандманот 28, другите се против. На што тоа се должи, претпоставувам повеќе на лижно видување отколку на лични интереси, а можеби тука некои се видел и самиот себеси, вграден во одреден дел во овој Судски совет. Но, не е битно. Сакам да кажам дека преовладаа две линии. Едните се за конкретното решение на амандманот 28 од членот 104 од Уставот. Другите се против.

Сега ќе одам дел по дел, ќе ве прашам и ќе коментирам одредени работи зошто е тоа така, бидејќи и мене не ми е јасно.

За деполитизацијата зборував. Тоа сега за сега е условна именка, иако во првиот дел во ставот 1 на амандманот 28 конкретно е кажано дека стремежот е кон деполитизација на судството. Јас ќе повторам и ќе кажам тоа е мисловна именка и дека во таква работа јас не верувам, а убеден сум дека не верувате и вие од причини што претходно ги набројав. Добро би било кога би било така, кога би можеле тоа да го направите. Би било добро за сите нас и пред тие македонски судови утре и пред највисоките истанци, секој граѓанин на Република Македонија да има еднаков третман. Добро би било кога тоа би можело да се направи. Но, во таква работа не верувајте. Секој ќе ја искористи привилетираната позицијата во која се наоѓа, да може да ургира и да заврши одредена работа. Тоа се факти и тоа е македонската стварност, а можеби и европската, можеби и светската стварност е таква.Значи, околу деполизацијата да не се лажеме, таква работа не постои, но да се направат напори колку може тоа да се омекне, да се олесни таа позиција.

Ќе поминам на страна 23 каде еден од дискутантите вели вака: "Во врска со министерот за правда, во текот на јавната расправа можеа да се слушнат и предлози тој да учествува во работата на Советот, но без право на глас". Јас не знам од кого е овој предлог, тоа е на страна 23 од амандман 28. Тоа не потсети, искрено да ви кажам, на марионета во куклен театар, некој друг да ги движи прстите, а дрвената кукла да се движи во некоја чудна ситуација, обратно од она што човекот го прави. Не знам што беше идејата на господинот, госпоѓата, јавниот дискутант што тоа го дискутираше. Но, мислам дека постојата две работи. Ако министерот биде член на Судскиот совет, тој мора да биде со право на глас. Ако нема право на глас, воопшто не треба да биде член на Судскиот совет.

Ако некој овде инсистира министерот да биде без правно на глас во Советот, тогаш што ќе ви ие учеството во тој Совет. Говорам на јавната расправа, за ваши колеги кои го изрекоа тоа, претпоставувам дека биле правници, адвокати, бивши судии. Мислам дека таа беше фелата која ја правеше јавната расправа.

Втората алтернатива е, ако немате право на глас, немате потреба и воопшто да учествувате во Судскиот совет, едноствно да не бидете марионета, да говорите, а да немате право да гласате за она што го предлатате. Тоа се работи кои веднаш паѓаат во очи, затоа што дејствуваат некако несоодветно за сето она што значи дискусија на разни дискутанти по амандман 28.

За предложениот број од 15 члена на Советот, се укажа дека е преголем и дека треба да се намали, со предлог тој да биде составен од 11 членови од кои монзинството, шестмина да бидат судии.

Едно просто мое видување. Разликата во четири луѓе и незначи којзнае што. Може 11 члена да бидат по ефикасни, а може 11 члена да не се толку ефикасни, да не се толку квалитетни. Јас секогаш одам по онаа максима, што повеќе умови, поквалитетни решенија. Значи, нема да спорам околу бројот, дали тоа треба да биде 11 или 15, затоа што во јавната расправа превргна таквото мислење и на некој начин се поделија луѓето кои учествуваа. Но, проблемот е што од тие 15 или 11 души, шестмина мора да се судии. Дали за останатите се подразбира дека мора да се од правната фела, останува како дилема. Значи, мислевте шестмина да се судии. Ако бидат 15, останатите 9 да се правници, или префериравте да се од било која друга струка, со високо образование. Дали тие останати 9 или 5, до 11 треба да бидат правници, не судии. Значи повторно мора да бидат од правната фела и од правниот еснаф. Тоа го велам од едноставна причина што, ќе се вратам наназад во 1994 година кога во Судскит совет, претседателот на државата, тогашен, исто така предлагаше т.е. именуваше двајца членови во Советот, па ни се случуваше едниот од нив да нема врска со правото. Значи 1994 година имавме еден предлог, многу интересен, ние бевме надвор од Парламентот тогаш, зборувам за втората Влада на СДСМ, претседателот на државата, господинот Глигоров ни предложи двајца членови кои беа прифатени, кои едниот немаше апсолутна врска со правото. Затоа се поставија прашањата и дилемата, дали останатите од овие шест, единаесет, тие пет души ќе бидат од правниот еснаф или ќе бидат само високо образовани личности. За да биде апсурдот уште поголем, во таа Влада, замислете, Министерството за правда го покриваше политолог т.е. социјолог, господиниот Спасов. Затоа овие прашања ги поставувам пред вас, да ми одговорите што е со судбината, кој ќе бидат тие луѓе? Ќе бидат ли од правниот еснаф, луѓе што го познаваат правото за да можат да носат полноважни одлуки по одредени решенија кои ќе стигнат до нив и за одредени предмети.

Дали во Република Македонија постои Правен совет, тело кое се вика Правен совет? Ова ми се случајни сознанија, можеби се валидни можеби

не, но добиени се луѓе од вашата фела и ми велат дека во Република Македонија постои Правен совет. Со него претседава премиерот. Дали постои таква работа, во старт веднаш да ми кажете? Постои ли во Република Македонија таква работа што се вика Правен совет, а со него претседава претеседателот на Владата? Има ли таква работа? Ако нема го повлекувам се тоа што го кажав. Ако има, ве прашувам зошто Правниот совет не учествува во јавната расправа, ако со него претседава претседателот на Владата, ако постои, реков, Правен совет, како што ми е кажано. Атхок прашував одредени правници, одредени мои пријатели од сверата на правото, ми велат дека постои Правен совет во државата, со кој претседава премиерот, во случајот господинот Бучковски и велат тој не учествувал во јавната расправа. Ако е така ве прашувам зошто не учествувал, а се работи за Влада со која тој претседава, се работи за тело со кое тој треба да председава, ако е точно и се работи за закони кои се наметнати однадвор и кои мора да ги спроведе, не за доброто на Европа, за наше добро. Значи тој Правен совет ако постои, или е фантомски, затоа што никаде не се појави во јавноста. А прашањето, дали воопшто ги разгледуваше реформите во судството и расправаше за нив, мене ми е непознато. На тоа вие треба да одговорите. Реков ако сум погрешил или сум добил погрешна информација го повлекувам сето тоа што го говорев. Ако е точно, следи прашањето што го поставив, затоа што никаде не е нотирано. Постои ли Правен совет, или не постои, кажете ми?

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски има пратенички прашања. Продолжете вие со ...

**Александар Флоровски:** Не, не. Ова е во контекст, претседателе...

Овде сите се чудиме дали во државата постои Правен совет или не? Да не говорам на памет. Тое е причината, без некого да повикувам.

**Љупчо Јордановски:** Е, па земете го тој ризик и на памет дека ќе зборувате.

**Александар Флоровски:** Не сакам да зборувам на памет/

**Љупчо Јордановски:** Е, па не поставувајте прашања. Имаме институт пратенички прашања.

**Александар Флоровски:** Не е ова за пратеничко прашање. Ова е добронамерно поставено, не со некоја зло намера.

**Љупчо Јордановски:** Тогаш како реторичко во ред, ама не мора да инсистирате на одговор.

Продолжете.

**Александар Флоровски:** Добро претседателе, сепак сте на повисока позиција од мене. Морам да прифатем.

Значи од јавната расправа мора да се извлечат многу заклучоци кои би можеле овде да се коментираат. Но, сакам да дадам едно сопствено видување, како јас би ги гледал и кога би предложил амандман како тој би изгледал. Министерката не беше тука. Јас кажав една работа. Не поднесов амандман со мое видување од едноставна причина што ќе беше од старт отфрлен и да не ми биде попуста маката, воопшто не седнав да го напишам и да го предложам. Но, го напишав за себе и ќе го предочам пред македонската јавност. Се работи за амандман 28 и ќе дадам соодветен коментар како јас ги гледам работите во врска со деполитизација, како треба да изгелда Судскиот совет и можеби да се дадат одредени квалитативни промени.

Вака: - Републичиот судски совет е самостоен независен орган на судството. Со тоа се согласуваме сите. Тоа е нотирано и во вашиот амандман. Значи во тој прв дел се согласуваме.

Понатаму: - Републичкиот судски совет ја обезбедува, гарантира и заштитува самостојноста и независноста на судската власт. Тоа е во точка 1, алинеа 1. Републичкиот судски совет е составен од 11 члена. Одев од едни практични чекори. Единаесет души можат побрзо да се соберат. Но, кога говорам за квалитетот можеби е подобро да се префирира и 15. Јас напишав 11 души. - Собранието на Република Македонија избира тројца членови. Сега овде има една новина - Здружението на судиите на Република Македонија избира 8 члена и по претходно добиено мислење на Адвокатска комора на Македонија и Здружението на обвинители на Република Македонија. Поентата ми беше да се инволвира се она што значи еснаф и правна фела во државата за да имате една чиста ситуација, да не ви се судруваат луѓето на терен со разноразни проблеми. Но, ќе образложам зошто овие работи вака ги нотирав.

- Претседателот на Републичкиот судски совет го избираат членовите на Републичкиот судски совет. Мандатот, правата и обврските на пратседателот на Републичкиот судски совет се уредуваат со закон. Мандатот на членовите на Републичкиот судски совет трае шест години, без право на повторен избор. Зошто без право на повторен избор? Сметајте, шест плус шест, 12 години. Тое е една третина од стажот на било кој вработен во било кој сектор. Тоа ме потсеќа на функцијата на Францускиот претседател која трае 7 години, а никако Францускиот Паралмент да најде модус вивенди да го смали на 4 години, како што е нормално во светот. И продолжува понатаму. Тоа е точка 1, алинеа 7 - функцијата член на Републички судски совет е неспоива со членување во политичка партија. Се е тоа во ред, иако секој во себе си набива за некоја политичка опција и политичка паритја, но тоа е веќе друго. Нема документ дека членува во политичка партија, лева, десна, полу лева, полу десна, не е битно. - Избраните членови на Републичкиот судски совет не смеат да вршат други функции и професии утврдени со закон. Понатаму ќе ви објаснам зошто тоа го мислам вака. - На избраните судии од Здружението на судиите,

додека им трае мандатот член на Републички совет, функцијата судии им мирува.

Правата и обврските, условитет и постапката за избор и именување, како и основните и постапката за престанок на функцијата, на член на РСС се уредува со закон. Овој амандман го заменува членот 104 од Уставот на Република Македонија. И сега, да ви дадам кратки образложенија зошто така го гледам јас овој амандман. Сигурно нема да се согласите затоа што ставот на Владата е општо познат, преточен е во Амандманот 28, еден пишан документ. Еве, да дадам мој скромен придонес, доколку имате време, доколку имате волја нешто од ова што предложив да усвоите. Или да го вградите како ваш дел. Еве, нека биде тоа дело на Владата, нека не биде на било кој пратеник.

Значи, како прво, може да се констатира дека ниту министерот за правда ниту претседателот на Врховниот суд не се предложени за членови. Тоа е првата работа што паѓа во очи. Тоа е за членови на Републички судски совет. А, со тоа отпадна Републички судски совет да биде претседател на Врховниот суд. Ќе образложам зошто.

Промена направена во дините на траење. Значи, ако биде избран шест години има право на повторен реизбор од шест години.

Отпаѓа и можноста Претседател на државата да именува, поточно сега да предлага двајца членови на Републички судски совет. Затоа што, според логиката на нештата, Претседателот на државата да ни предложи двајца членови, а Парламентот да не ги прифати, некако чудно делува. Да не давам поинаков коментар, за тоа што тој е амандман на мојот колега Жарко Караџоски, за што веќе разговаравме ние. Затоа, од самиот предлог што го имам прочитано, отргнат е Претседателот на државата.

Измената и постапката за избор на членовите на Републичкиот судски совет, изборот останува ист, називот останува ист како во членот 104.

Што е поентата за бришење на овие три личности кои носат врвхи позиции: министер за правда, претседател на Врховниот суд и Претседател на државата? Македонски кажано, работите стојат вака: човек не може две тикви под една мишка да носи. Тоа е една македонска народна мудрост што ја имаме слушнато сите и сите ја знаеме. Можеби некој може, но ако има абнормално долги раце. Тогаш не спаќа во родот на хомо сапиенс на денешниот човек, спаѓа во некој туѓ род, што со еволуцијата останал на ниво на кое што останал. Значи, министер за правда и претседател на Врховниот суд отпаднаа од едноставна причина, поради тоа што истите, т.е. вие имате премногу задолженија и обврски. На тие мора да одговорите. Вашето присуство и како министер и како член на РСС бара многу. Пред се физички и психички.

Никој не може да ја одбрани оваа работа дека може да се вршат две функции од еднаш. Сакам да кажам дека е неподносливо тешко две функции, ако сакате 100% да ги практикувате.

Да ви кажам искрено, во еден момент размислував дали министерот со допис или претседателот на Врховниот суд, ќе се откажат од функциите, со едноставно образложение дека работата што ја вршиме или како министер, а тој како претседател на Врховниот суд и ова денеска што им се нуди во Републички судски совет ќе биде претешко бреме. Затоа што, како што кажав претходно, бараа одговорност, бараа психофизичка предност и бара многу работи. И, тешко дека ќе најдете човек во државава и пошироко кој може да врши две толку одговорни функции, освен ако работата не е вени-види, дојдов видов, што се случи - си отидов. И побегнав и сега се враќаме на она мијачкото, да не ми забележат Мијаците - ќе бегаме или ќе се предаваме. А јас велам да останеме и да се бориме до крај, ако треба. Со сета почит кон Мијаците.

Едно од образложенијата што не се ставени, во го кажав.

Второ, претпоставувам дека и вие и претседателот на Врховниот суд имате премногу обврски надвор. Патувате, што е нормално. Носите нови идеи, сознанија, имате средби со ваши колеги. Тоа е добро. Не чини дома да се затворите, во државава и тука да ги решавате работите. Добро е да се патува, да се отвораат нови видици, за доброто на оваа држава. За мене, знаете ли кој е добар министер? Оној кој патува што повеќе но да носи резултати, а не да патува поради патувањето. Имаме и такви работи.

Значи, од првоспоменатите причини, од овие причини, сметам дека ќе ви се олесни многу вам работата и максимално ќе може да се концентрирате како министер за правда конкретно на работата на Министерството околу донесување на квалитетни закони. При тоа, максимално користејќи ги позициите што ги имате и надвор во државата одите да видите и да исконтактирате и да научите многу работи и тука да раководите, со сета одговорност во Министрството. За тоа мојот предлог беше да се изземете. Ајде, зборот да се бришете е прегруб, да се изземете поради тоа што имате преобемна работа.

На пример, актуелниот пртседател на Врховниот суд има дадено една ваква изјава дека претходниот негов колега премногу патува надвор од државата. И таму вели од 366 дена 266 дена, значи Симеон Гилевски бил надвор од државата. Ако бил надвор а немал резултати, тоа не е во ред. Ако бил надвор и донел одредени промени, квалитативни, тогаш е за поздравување. Тогаш не треба да ги жалиме ни парите што се дадени, направил нешто за оваа држава. Затоа правиме реформи што не се реформи. Јас така ги гледам. Моето скромно знаење така ни говори.

Во контекст на самиот предлог, зошто нашето судство не е ефикасно? Поради две или три работи:

Првата поради лошите предлози, без тука некого посебно да именувам, партиската обоеност и притисоците што ги врши извршната власт врз судиите. Тоа се три круцијални работи зошто не функционира судството. Јас не измислив топла вода, тоа вам добро ви е познато и на сите нас општо познато. Значи, е партиски човек, извршен му е страшен притисок или е неквалитетен. Тоа се три работи, фундаментални, темелни, за неквалитетноста.

Сега една обратна ситуација, квалитетен човек, па макар и партиски обоен, ако стои на своите позиции, на заклетвата што ја има дадено како судија и оној кантар што го гледаме на телевизија во секоја судница, што ја мери правдата, а божем ја мери правдата, ја практикува во вистинска смисла на зборот, би бил добар иако би бил партиски обоен. Но, кога ќе седне на судската столица, да суди право, да не суди криво.

За Претседателот на Република Македонија нема потреба да именува, ниту да предлага, затоа што праксата покажува една многу интересна работа од 1990 година наваму.

Госпоѓо министерке,

Првиот Претседател на државата, во тоа време ни предложи двајца членови кои биле пензионери. Кажете ми, имате ли фајде од пензионери? Луѓе во повозрасни години што можат да прават, што можат да направат? При залезот не на кариерата, при залезот на животот? Ним им е време да чуваат внучиња, а да не се бавтаат со вакви многу битни материи, како што е реформа на судството. Барем според она што е прикажано, Амандманот 28 и Уставните промени што ги нудите како битни, како круцијални, како решенија што не водат кон Европа итн. итн. Повторно ќе кажам дека ова што го работиме го работиме само во интерерс на државата и во интерес на жителите т.е. на граѓаните на Република Македонија. Не поради тоа што некој наредил одозгора. Ова го правиме ради себе.

И, вториот Претседател, бог да го прости, исто ни предложи некои чудни решенија, што мислам дека два пати паднаа во ова Собрание.

Сега, третиот Претседател, да нема слична судбина со предложените кандидати, има право да предлага, да именува. Од таа причина го изземав она што значи мое видување на Амандманот 28. Едноставно да не го малтретираме човеков да предлага, па овде три пати да гласаме и три пати да му паѓаат предлозите не е добро. Имајќи предвид дека функцијата Претседател на држава е многу одговорна функција. Тој е прв човек на нацијата, прв човек на државата, човек кој не претставува надвор, човек кој треба да создаде слика за Република Македонија во Европа, во Светот, за што поблиско влегување и во НАТО и во Европската Унија. Зошто човекот да го малтретираме со предлози во Републички судски совет. Тој не ги именува во случајов, туку ги предлага, а предлозите може да ги прифатите, а може да ги отфрлите.

За да не ја доживее судбината на преетходните двајцас претходни претседатели со сопствените кандиати, затоа во мојот предлог го избришав Претседателот на државата да предлага, затоа што е презафатен. Затоа што многу работи. Затоа што е многу ангажиран човекот. Ова ќе му дојде како луксуз.

А, што е најчудно, од тие двајца предложени еден мора да биде дел од националноста. Уште да не говорам за Бадинтеровото мнозинство овде. Не сакам да завлезав во некоја друга сфера, да не создадам атмосфера. Може да се доведеме во ситуација од 15 членови на Републички судски совет или 11 колку ќе бидат, една добра половина да не се Македонци, во сопствената држава да бидат мојоризирани во едно тело како што е Републички судски совет или Судски совет, како сакате кажете, исто е.

Мислете, знаете што ни се случи, извлечете поука и размислувајте што ни нудите. Доколку можете, направете одредени измени. И тогаш ве молевме, заради доброто на овој народ и на оваа нација.

За мандатот од шест години ви кажав. 12 години, значи 6 редовни со право на реизбор уште 6, сметам дека е преголемо, дека 12 години се една добра третина од целокупниот стаж на работните луѓе, на работниот народ на Република Македонија, иако е социјалистички терминот.

Прашање е, после 12 години, ако се прифати како што е дадено, а верувам дека ќе прифатите, ако имате 80 гласови, дали после 12 години тој судија ќе може повторно да се врати на старата работа, а 12 години поминал во Судскиот совет? Еве, претседателот да го прашаме, 12 години да паузира во сопствената фела, колку време ќе му треба без при тоа да се бавта со она што значи негово основно занимање, дали после 12 години ќе може да се врати во старата форма во која што бил.

Затоа, нудам некои логични решенија што и блиску се до умот, не се далеку од умот. Тука повеќе да не го за држувам вашето внимание доколку внимавате на ова што го зборувам, јас би сакал да завршам со напомените што ги дадов. Колку ќе се извлече поука од ова, не верувам дека некој ќе обрне внимание и дека нешто ќе се прифати, но разгледајте ги, видете ги, решете ги проблемите. Стапот и морковот се кај вас, не се кај нас. Решението со Бадинтерово мнозинство модифицирајте, најдете модус вивенди да ги решите, не не ставајте во неугодна ситуација. Гледате, таа тема воопшто не ја чепнав да разговарам поради атмосферата во Собранието, не сакав да ја чепнам, иако имам многу да говорам, да говорам за она не само што мене, туку сите нас не погодува, верувам и вас, но по онаа народната угоре високо, уделе длабоко, нема каде да се оди освен да се оди по земја, да

се прифати стварноста, и од таму да ги решаваме проблемите.

Благодарам.

(Со седницата продолжи да раководи господинот Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија).

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Флоровски.

Има збор пратеникот Краљевски Чедомир.

Повелете господине Краљевски.

(Со седницата продолжува да претседава господинот Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието).

**Слободан Најдовски:** Има збор господинот Чедомир Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам потпретседателе, мојот говор ќе биде релативно краток, се надевам и јасен, следејќи ги правилата на психолошката наука, дека оние што не следат, нивната максимална концентрација, може да биде 4 до 5 минути. Двете основни цели на реформите во правосудниот систем во Република Македонија се создавање прво, на ажурно и ефикасно судство и пред се би рекол, независно и самостојно судство.

Ако првата цел, односно ажурното и ефикасното судство се очекува да биде воглавно постигнато преку амандманот 20, со, би рекол просто механичко пренесување на дел од досегашната судска надлежност во однос на прекршочната одговорност во надлежност на органите на државната управа, тогаш на најеклатантен начин другата цел, односно независно и самостојно судство, се очекува да биде постигната преку амднаманот 28, односно овој амандман за кој сега ние расправаме.

Имено, со ставот 1 на амандманот 28 се востановува нов државен орган во правосудниот систем на државата чија суштина се огледа во неговата надлежност да избира и разрешува судии, што значи се гасне досегашната надлежност на Собранието на Република Македонија, тоа да избира и разрешува судии. Што значи се гаси досегашната надлежност на Собранието, тоа да избира и разрешува судии. Имено, целта е политичката основа на изборот на судиите да се замени со стручна, и на тој начин да се придонесе за поголем степен на независност и самостојност на судството. Се разбира независноста на судството несфатена во апсолутна смисла на зборот, туку сфатена во што помал степен на влијание на извршната власт врз судската и тоа било директно или индиректно преку институционална можност за влијание во кадровската политика во правосудството. Од друга страна погледнато тоа значи создавање на зависно судство, но зависно во својата јурисдикција и јуриспруденција исклучиво од Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори, како што неодамна истакна мојот колега Чашуле.

Степенот на независноста и самостојноста на Судскиот совет на Република Македонија во однос на извршната и законодавната власт се потенцира и преку називот на овој државен орган, кој е аналоген на останатите независни државни органи како што се Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Претседателот на Република Македонија, Врховниот суд на Република Македонија Уставниот суд на Република Македонија.

Од ставот 2 од амандманот 28 произлегува дека Судскиот совет на Република Македонија го сочинуваат 15 членови. Прифатлив е бројот на членовите бидејќи на тој начин ќе дојде до израз поголем број на иницијативи и разбирливо поставените прашања пред судскиот совет ќе се разгледуваат од повеќе различни аспекти.

Ставот 4 од овој амандман определува дека 8 членови на Судскиот совет ги избираат судиите од своите редови. Овој став е разработка на главната идеја за деполитизација на начинот на избор на судиите, односно максимално се тежнее во креирањето на Судскиот совет во најголем дел од неговото членство да партиципираат членови од редовите на судиите во однос на оние членови што доаѓаат условно речено од законодавната односно извршната власт.

Втората реченица на ставот 4 од овој амандман според Пратеничката група на ВМРО- Народна партија треба да отпадне бидејќи во Уставот веќе е инкорпорирана вкава одредба за правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во РМ во институциите на системот.

Ставот 5 е во ред, односно тројца членови на Судскиот совет да ги избира Собранието, меѓутоа Пратеничката група на ВМРО - Народна партија, амандмански преку колегата Жарко Караџоски интервенира тој избор да не се условува со Бадентеровото мнозинство.

Ставот 6 веќе со усвојувањето на претходните амандмани е корегиран, така што потполно прифатливо за пратеничката група на ВМРО-Народна партија е уште двајца членови на Советот да ги избира Собранието, но по предлог на претседателот на Република Македонија.

Ставот 7 на овој амандман, за пратеничката група на ВМРО-Народна партија е неприфатлив и ние предлагаме овој став да отпадне.

Со ставот 8 на овој амандман, се овозможува и претставници на други професии од правната фела да партиципираат во Судскиот совет, притоа неисклучувајќи ги повторно судиите.

Што се однесува до ставот 10, односно условите и постапката за избор и именување, како и условите на постапката за престанок на функцијата и разрешување на член на Судскиот совет, да се уредат со закон, пратеничката група на ВМРО-Народна партија амандмански инсистира повторно преку колегата Караџоски, овој закон да се носи со 2/3 мнозинство од вкупниот број пратеници, при што, во образложението на тој

амандман наведуваме дека се работи за системски закон, на кој начин би се овозможило во донесувањето на истиот, да бидат вклучени што поголем број политички претставници, застапени во Собранието на Република Македонија и би се оневозможило одредено парламентарно мнозинство да креира закон по сопствен вкус. Ова од причини што Собранието само по себе го одразува политичкото расположение на вкупното граѓанство во Република Македонија, а и тоа е специфичен колективен државен орган кој самиот во себе има воспоставено внатрешен систем на чекен баланс, бидејќи 120-те пратеници групирани во пратенички групи и независни пратеници, па понатаму групирани глобално на позиција и опозиција, овозможуваат проверка и контрола на сите одлуки што ги носи Собранието.

И на крајот разбор;ов е ставот 11 на овој амандман, бидејќи деполитизацијата на членовите на Судскиот совет е услов за улогата што овој би рекол, квалитативно нов државен орган би требало да ја игра во креирањето на самостојно и независно судство во Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Краљевски.

Има збор пратеникот Кенан Хасипи.

**Кенан Хасипи:** Почитуван господин потпретседателе на Собранието, почитувана госпоѓо министер, дами и господа пратеници.

Јас би сакал да дадам сосема краток коментар на амандманот 28 на Уставот на Република Македонија, од причини што овој амандман беше еден од најексплоатираните амандмани, не само на седниците на работните тела на Собранието на Република Македонија, туку и во јавната расправа. Амандман кој беше изложен на најразлични опсервации, анализи и толкувања, кои се движеа од негово прифаќање во целост, па се до неговото комплетно оспорување.

Ова беше разбирливо до толку повеќе, што од содржината на овој амандман, најнепосредно зависи структурата на Судскиот совет на Република Македонија, орган кој согласно надлежностите што ги има, би требало дефакто и дејуре да биде чувар на независноста и самостојноста на судскиот систем во Република Македонија.

Имајќи го предвид значењето на овој орган, а во функција на што поголема независност и самостојност на судскиот систем, наша заложба би требала да биде минимизирање на можните политички влијанија врз него, доколку сакаме да функционира правото и правната држава во вистинска смисла на зборот. Впрочем, независното и ефикасно судство како атрибут на функционирање на правната држава, експлицитно се содржани во Копенхашките критериуми за членство во Европската унија.

Од тука, структурираноста на судските органи, како и начинот и постапката за нивниот избор и те како влијаат на независноста и самостојноста на судскиот систем во Република Македонија. Ова прашање уште повеќе добива на значење, поради фактот што во надлежност на Судскиот совет на Република Македонија се сите прашања поврзани со статусот на судиите од нивниот избор, разрешување, одлучување за напредокот во службата, одлучување за дисциплинската одговорност, оценка на работата на судиите, па се до нивниот имунитет и сл.

Морам отворено да истакнам дека не сум баш сигурен дека предложеното решение, содржано во амандманот 28 на Уставот на Република Македонија во доволна мера обезбедува ефективна заштита од можните политички влијанија врз него.

Амандманот предвидува во составот на судскиот систем, како членови по функција да бидат министерот за правда и претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, со тоа што претседателот на Врховниот суд на Република Македонија би ја имал привелегијата да претседателствува со овој орган.

Самиот тој факт, сакале или не, не го исклучува можното влијание на извршната власт врз функционирањето на овој орган, кој по сите елементи би требало да претставува столб на правосудниот систем на земјата.

Длабоко сум убеден дека е најдобро она решение, кое во најголема можна мерка би го минимизирало можното влијание на извршната власт во функционирањето на овој орган, а тоа по мене би требало министерот за правда да влезе во составот на Судскиот совет како член по функција, но без право на глас.

На тој начин ќе се овозможи министерот за правда да има комплетни сознанија за функционирањето на овој орган, т.е. како единствен претставник на извршната власт во Советот, не само што ќе обезбеди баланс на сите власти застапени во судскиот систем, туку ќе бидат редуцирани можните политички влијанија врз овој орган. Ова дотолку повеќе што власта е менлива категорија, а судскиот систем мора да е имун од политички реваншизми од било кој вид.

Од друга страна, посебно внимание заслужуваат став 3 и ств 7 од амандманот 28, со кој претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, не само што е член на Судскиот совет по функција, туку и претседателствува со него. Јавната расправа, седниците на работните тела на Собранието на Република Македонија, а посебно експертите во судската фела, имаа огромни забелешки на ова решение во амандманот 28, иако не е спорно дека претседателот на Врховниот суд со својот авторитет може да го подобри квалитетот на работата на овој орган, сепак по мое длабоко уверување, ваквото решение сериозно го отвора прашањето на кумулирање на функции и

концентрација на моќ во рацете на една личност. Ова сакале или не, може да има сериозни импликации врз контрлата на функционирањето на овој орган и судството во целина.

Имајќи го предвид фактот дака претседателот на Врховниот суд е и претседател на повеќе судски совети во Врховниот суд, претседател на Судскиот буџетски совет, една од алтернативите за можен претседател на Академијата за обука на судии и јавни обвинители, претседателствувањето и со Судскиот совет на Република Македонија би значело, сакале или не, концентрација на огромна моќ во една личност, независно што постојат судски системи во многу држави, кои го практикуваат ова решение.

Оттука, лично сметам дека задржувањето на досегашното решение, претседателот на Судскиот совет, да се избира од членовите на Судскиот совет на Република Македонија е подобро решение, или во најмала рака начинот и постапката за избор на претседателот на Судскиот совет на Република Македонија да се утврди со закон.

Освен тоа, останува за дискусија прашањето за неспоивост на функцијата избран и именуван член на Судскиот совет, со вршење на други јавни функции и професии, како што стои во предлог-амандманот. Тоа со други зборови значи дека останува отворено прашањето дали претседателот на Врховниот суд на Република Македонија би ја напуштил редовната судска функција, заради вршењето на функцијата член на овој Совет, чиј мандат наспроти трајниот мандат на судијата е ограничен на шест години, или ќе продолжи да ја извршува редовната работа и другите функции, но, се разбира со намален обем и капацитет.

Се разбира дека, многу од отворените прашања и можните последици треба добро да се проанализираат и јас сум длабоко убеден дека Владата, врз основа на искуствата од јавната расправа и дискусиите од оваа парламентарна дебата ќе го прифати најсоодветното решение.

И на крајот, независно од ова што го изнесов за амандманот 28 на Уставот на Република Македонија, неспорно е дека понудените измени на Уставот на Република Македонија се чекор напред во обезбедувањето на независноста и самостојноста на судството и дека ја заслужува нашата поддршка. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Хасипи.

Има збор пратеникот Илија Китановски.

**Илија Китановски:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани колеги, почитувана госпоѓо министерке, чувствувам обврска и потреба уште еднаш да го повторам ставот и забелешките на ВМРО-ДПМНЕ во однос на амандманот 28, а посебно инициран од некои дискусии на колегите од парламентарното мнозинство со квалификации дека наводно, една пратеничка група, се мисли на нашата, број од 3 до 9 што не би го коментирал, предлага козметички промени. Затоа, ќе ми дозволите на кратко уште еднаш да ги кажам суштинските забелешки, кои што се суштински и во прилог на независноста на Судскиот совет, а најмалку се козметички, односно козметички ќе останат промените предвидени со овој амандман, ако не се прифатат нашите амандмани.

Значи, прво членувањето на министерот за правда во Судскиот совет по функција, значи буквално мешање на извршната власт во судската власт. И тоа е така.

Второ, членувањето на претседателот на Врховниот суд по функција во Судскиот совет значи исто така, загрозување на независноста на Судскиот совет. Се воведуваат двојни стандарди во Уствот, со тоа што на една страна се уставните одредби кои што сметаат дека функцијата на судија е неспоива со вршење на друга јавна функција, членот 100 став 3 од Уставот. А од друга страна, членувањето на министерот за правда во Советот се противи на членот 89 од Уставот, според која одредба функцијата министер е неспоива со вршење на друга јавна функција. А ќе се согласите дека член на Судскиот совет е јавна функција. Без оглед на тоа што министерот за правда и претседателот на Врховниот суд се членови према предлогот на Советот по функција, неспојливоста на функциите се однесува на вршење на самата функција, а не на прашањето на изборот и именувањето или членувањето по функција, за да бидеме доволно јасни.

Исто така, значи сите овие забелешки се суштински и одат во насока на независност на судскиот совет, што е интенција и цел на целокупниот овој пакет на уставни амандмани кои што се предлагаат, кој што 28-от амандман е практично најважниот, насуштинскиот, бидејќи се однесува на новоформираниот Судски совет.

Исто така, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ смета дека во Судскиот совет треба да има поголема застапеност на судиите, избрани од нив самите и сите овие забелешки, па и оваа, се преточени во амандмани од наша страна кои што се доставени и понатаму ќе ги образложиме, меутоа, генерално и тоа и оваа и забелешка, повеќе судии во Судскиот совет, ние предлагаме 10, наместо 8. Со зголемувањето на бројот на членовите во Судскиот совет од редот на судиите, тие ќе бидат доминантно мнозинство во Советот, и вака се мнозинство, меѓутоа, за еден практично и на тој начин исто така, се гарантира поголем степен на независност на носење на одлуките, а со самото тоа и поголем степен на независност на Судскиот совет, бидејќи постојано сите излагања ни се полни со констатации за независност и тн., еве уште еднаш сите овие забелешки што ги има ВМРО-ДПМНЕ се преточени во амандмани, се во функција на вистинска независност на Судскиот совет.

Исто така, со ваквите решенија кои што ги предлагаме, ќе се обезбеди спречување на концентрација на моќта во рацете на една личност, во случајот на претседателот на Врховниот суд.

И на крајот, во последниот став од овој амандман, предлагаме изборот односно изгласувањето на законот, со кој што се уредуваат условите и постапката за избор и именување и основите и постапката за престанок на функцијата извршување на член на Советот, да биде донесен тој закон со 2/3 мнозинство и тоа е суштинска измена и тоа е предлог кој што дефинитивно е суштински и оди во прилог на независност и на Судскиот совети на судството воопшто.

Значи со вметнување на овој предлог на ВМРО-ДПМНЕ, изгласувањето на законот да биде со 2/3 мнозинство, се избегнува можност, секоја владеачка гарнитура, значи не само оваа, да го менува законот од дневна политичка и партиска потреба и мотивираност. И тоа е исто така, суштинска забелешка и тоа исто така оди во прилог на независност на Судскиот совет и на судството. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китановски.

Има збор пратеникот Блаже Стојаноски.

Пвелете господине Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Господине Најдовски сметам дека овој амандман претставува централен амандман од кој фактички зависи и целта која треба да се оствари со овие уставни амандмани и затоа вниманието со кое што се насочи и собраниската расправа кон овој амандман, меѓутоа, вниманието од страна на стручната јавност, односно јавната расправа која се одвиваше по овој амандман, како и амандманите кои бе аподнесени од различни пратенички групи по однос на овој амандман доволно зборуваат за неговото значење во контекст на реформтие на судството во Република Македонија.

Основната цел која треба да се постигне со овие уставни реформи е пренсување на надлежноста од страна на Собраниеот на овој судски совет при именувањето и разрешувањето на судиите односно отстранување на доминантното политичко влијание од страна на политичките партии кои претставуваат мнозинство во Собранието на Република Македонија. На тој начин овозможување на поголемо и посуштинско влијание на судиите во изборот и разрешувањето на судиите, утврдувањето на нивната одговорност и сето она што претставува идна надлежност на Државниот судски совет или судскиот совет.

Од друга страна ова прашање значи усогласување на оној баланс или рамнотежа и баланс или контрола и баланс за кои зборувавме при другите амандмани кои беа предложени тука, а се однесува на учество и на законодавната и на извршната власт и на судската власт и воспоставување на еден систем на нивна меѓусебна контрола и нивен придонес во обезбедувањето на што поголема независност на судството со тоа што целта, исто така, како една од целите која треба да се постигне е да не се случи овој орган да го отуѓи од било какво влијание и да стане орган сам по себе, што може дополнително да ги компликува односите во судството и да создаде големи основи за корупција и на тој начин да се постигнат цели или да има последици кои се сосема различни од оние кои ги очекуваме.

Сакам повеќе да се задржам во однос на амандманите кои се поднесени на овој амандман, затоа не сакам многу да должам, сакам да направам некои споредби, но тоа ќе го оставам за подоцна, сметам дека прифаќањето од страна на Владата на амандманот во контекст на учеството на Претседателот на државата што е дел од измените на овој Предлог амандман кој беше доставен од страна на Владата каде што наместо "именување" се внесува "предлагање" на членови од страна на Претседателот на државата.

Понатаму составот на судскиот совет во кој се прифати принципот мнозинство да имаат судиите, од 15 да има 8 члена судии, дополнително треба да претставува еден аргумент плус во контекст, ако можам така да се изразам, добрата волја што треба да се покаже од страна на предлагачот при усогласувањето на ставовите по однос на ова прашање.

Затоа сметам дека она што не може да биде прифатливо тоа е кој е тој што ќе претседава со судскиот совет, сметам дека прашањата кои се однесуваат на условите, постапката за избор и именување и постапката за престанување на функцијата и разрешување од функцијата член на судскиот совет дополнително ќе треба да се реализира во поглед на изработката на Законот за судски совет кој треба да претставува многу поразличен од оној закон кој го имавме претходно, а се однесуваше на Републичкиот судски совет каде, сите сме сведоци, какви се политички влијанија се остваруваа во поглед на контролата не само во однос на гласањето по однос на предлозите на досегашниот Републички судски совет, туку и во поглед на структурата на овој орган каде функцијата беше сведена на работен однос. Со закон се утврди право на пензија на членовите на овој Совет.

Затоа сметам дека сите оние до сега искажани аргументи од страна на моите колеги пратеници треба да се детализираат, да се разгледаат и сето тоа да најде своја примена во законот кој треба во целост да го регулира ова прашање.

За останатите мои ставови по однос на конкретните делови од овој амандман ќе се изјаснам преку амандманте кои ги имаме поднесено како пратеничка група. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам општиот претрес.

Ги повикувам пратениците кои имаат поднесено амандмани да влезат во салата, бидејќи поминуваме на претрес по текстот на Предлогот на Амандманот 28 на Уставот на Република Македонија. Тука имаме релативно голем број на амандмани.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на точка 1 став 9, 10 и 11 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на Амандманот 28 на Уставот на Република Македонија.

Пратеникот Жарко Караџоски поднесе амандмани на точка 1 за менување на став 4, точка 1 за менување на став 5, точка 1 за менвуање на став 6, точка 1 за бришење на став 7, точка 1 став 8 и на точка 1 став 10, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Адулади Вејсели и Исмет Рамадани поднесоа амандман на точка 1 за менување на став 3, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Силвана Бонева, Ристана Лалчевска и Ефтим Манев поднесоа амандман на точка 1 за бришење на став 3, ставови 4, 6 и 10 и за менување на став 7 и истиот го повлекоа.

Пратениците Силвана Бонева и Ристана Лалчевска поднесоа амандмани на точка 1 за бришење на став 3, точка 1 став 4, точка 1 став 6, точка 1 за менување на став 7 и на точка 1 став 10, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 за бришење на став 3 на текстот на Предлогот на Амандманот 28, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Ристана Лалчевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска -Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да гласаме по амандманот.

Ги молам службите нека го утврдат бројот на присутни пратеници.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Благодарам.

Во салата се присутни 64 пратеника.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни 58 гласале вкупно од кои 9 за, 2 воздржани, 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворма претрес по амандманот на точка 1 за менвуање на став 3 на текстот на Предлогот на Амандманот 28, поднесен од пратениците Адулади Вејсели и Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска -Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Рамадани.

**Исмет Рамадани:** Благодарам господине претседател.

Ние преку амандманот сакавме со две интервенции да го уредиме учеството на претседателот на Врховниот суд и министерот за правда во судскиот совет. Во овој амандман став 3, каде со предложениот амандман од страна на Владата се вели дека по функција во судскиот совет треба да учествуваат претседателот на Врховниот суд и минситерот за правда.

Ние интервенираме со тоа во судскиот совет да биде член на овој Совет само претседателот на Врховниот суд.

Понатаму во ставот 7 каде, според текстот кој го предлага Владата претседателот на Советот да биде истовремено претседател на Врховниот суд и со овие интервенции можеме да заклучиме дека членовите на судскиот совет можат да бидат претседателот на Врховниот суд без право да биде и претседател на судскиот совет додека министерот за правда да не биде член на судскиот совет.

Тука е нашето образложение, што помалку политичко мешање на политиката и политичко влијание, а уште позначајно што помалку влијание на извршната власт преку министерот во овој Совет. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника од кои 4 за, 2 воздржани, 58 против амандманот.

Констатирам дека Собраниеот не го усвои амандманот.

Отворам претрес по Амандман на точка 1 за менување на став 4 на текстот на Предлогот на Амандманот 28 , поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска -Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Караџоски, повелете.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Амандманот кој го предлагам се однесува на ставот 4, поточно дел од реченицата "тројца од избраните членови се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија , при што ќе се запази соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници", со мојот амандман почитувани колеги, предлагам да биде преформулиран поточно да остане само оној дел каде се зборува за 8 члена на Советот ги избираат судиите од своите редови. Тука да заврши ставот 4.

Јас во своето излагање по општиот претрес по Амандманот 28 објаснив од кои причини го поднесовме овој амандман, сега ќе се потрудам уште еднаш тоа да го кажам.

Значи, принципот на соодветна и правична застапеност кој е вграден во Уставот на Република Македонија со Амандманот 6 , во темелните вредности на граѓаните на Република Македонија е апсолвирано прашањето во самиот Устав на Република Македонија.

Според тоа, во Уставот на Република Македонија ако сега секој член на Уставот го шараме и додаваме, без разлика дали тоа се однесува на третата власт, на судската власт, на судскиот совет, на не знам која друга функција во Република Македонија ако треба нон стоп да го потенцираме дека принципот на правична и соодветна застапеност треба да биде прифатлив односно треба да биде имплементиран не мора да значи дека треба во секој амандман или во секој член од Уставот да биде додаван.

Амандманот 6 го апсолвирал тоа прашање и тоа е таа придобивка од Рамковниот договор која сме ја направиле во 2001 година и јас не гледам потреба апсолутно во Амандманот 28 да стои едно вакво решение.

Ќе кажам почитувани колеги и тоа дека со ваквото решение кое во ставот 4 се вградува, ништо ново нема да се добие освен она што е предвидено во Амандманот 6. Значи, не е никаква заштита ниту гаранција дека при составувањето на судскиот совет во делот на оние 8 члена кои се избираат од редот на судиите дека, до колку стои една ваква одредба во овој амандман, дека тоа и ќе се применува. Значи, нема никаква гаранција.

Гаранција за да се примени овој принцип на правична застапеност е Амандманот 6 од Уставот. Ако колегите од албанскиот блок, пратениците кои доаѓаат од ДУИ стравуваат дека овој принцип на правична застапеност нема да биде применуван, дека ќе биде на некој начин изигран и можеби може да се случи сите 8 члена во судскиот совет од редот на судиите да бидат, да речеме, од македонската заедница или од Македонскиот народ, а да нема ниту еден од заедниците, мислам дека е нелогична работа и нема никаква опасност. Да не заборавиме и со Амандманот 6, но и со Амандманот 10 како и со другите амандмани кои произлегоа од Рамковниот договор тој принцип е застапен, па дури и до сега во стариот член 104 кај надлежностите или составот на Републичкиот судски совет е утврдено тоа правило на правична застапеност и тоа се почитува и применува. Не гледам никаква причина некој да страхува и да мора сега да го ставаме повторно во некаков уставен амандман.

Господата од ДУИ, ако веќе сакаат овој принцип да биде почитуван и да биде имплементиран, ваквата регулатива е материја која треба да се утврди со закон и тоа во оној закон кој во ставот 10 станува збор, значи закон кој ќе следи по усвојувањето на овие уставни амандмани, а тоа е законот за составот, надлежноста, именувањето на судскиот совет. Тука веќе може една ваква одредба, согласно уставниот Амандман 6 да биде имплементирана и да биде внесена во тој закон.

Значи, овој принцип, оваа уставна одредба е причина да се внесе во самиот закон, а не во Уставот. Ако го погледнеме текстот на Амандманот 28, па и на Амандманот 29 и 30 ќе видите дека и во тие амандмани се повторува овој принцип на правична застапеност, што повторно ќе кажам навистина од правна и техничка природа воопшто нема потреба. Јасен е Амандманот 6 и не гледам никаква причина зошто би опстојал и на овој начин.

Заради тоа, а за да имаме навистина содржаен амандман, имаме амандман кој ќе биде дел од Уставот на Република Македонија имајќи го во предвид сето она што беше изнесено во текот на јавната расправа, многу од дискутантите во јавната расправа токму ова го подржуваа што јас го кажувам. Тоа е онаа фела од редот на професорите, од редот на судиите кои ја застапуваа оваа теза од проста причина што и тие, а и на сите им е јасно дека принципот на правична застапеност е уставна категорија внесена во Уставот на Република Македонија и не постои никаква опасност или никаква причина тоа да се повторува во секој нареден амандман.

Значи, побитна е имплементацијата, побитно е ова да биде законска регулатива во оној закон кој ќе следи отколку да е само уставна. Затоа што ако остане уставна категорија, еве една поука до колегите од ДУИ, а не се внесе во закон, ништо не добиваат.

Од тие причини, не дека имаме нешто против при пропорционална и правична застапеност, ние знаеме што е Устав, знаеме што е обврска од Уставот и тоа треба да се почитува кога веќе сме се договориле да биде така, од правно-техничка природа не гледам зошто мора да се повторува, сигурен сум и убеден дека оваа одредба ќе биде имплементирана односно ќе биде составен дел на законот за судскиот совет кој ќе следи по усвојувањето на овие уставни амандмани.

Од тие причини, почитувани колеги, сметам дека овој амандман треба да биде подржан без никаква опасност дека постојат некакви задни намери, а да оваа материја или оваа регулатива која сега е спомната во ставот 4 биде внесена во законот за судскиот совет. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски, бидејќи вие сте правник, малку подучете ме, бидејќи вашиот амандман значи: 8 члена на Советот ги избираат судиите од своите редови. Јас претпоставував дека во врска со бришење на тоа правична застапеност, некој друг амандман. А вие продискутиравте овде за правична застапеност. Овде не пишува. Амандманот вели: 8 члена на Советот ги избираат судиите од своите редови.

**Жарко Караџоски:** Претседателе, значи кога го предлагав амандманот размислував дали да одам со бришење на останатите, или да го преформулирам целиот став 4. Ако внимателно читате, ќе видите дека ставот 4 се менува и гласи. Што значи, целиот текст на ставот 4 сега ќе ја содржи само едната реченица која ќе гласи: 8 члена на Советот ги избираат судиите од своите редови. Што значи она другото отпаѓа.

**Љупчо Јордановски:** Господине Јашари, имате реплика.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине претседател. Ќе настојувам накратко да дадам една дополнителна информација во форма на реплика за тоа што го кажа господинот почитуван колега Караџоски. Ценам дека тоа што го кажа Караџоски, сепак, на овој начин вака како што е формулирано, значи не може да биде гаранција за правична и соодветна застапеност. Ценам дека греши, затоа што ние цениме дека се говори за една уставна норма која што во иднина ќе се операционализира преку законите кои што ќе се донесат и оттаму тука ја гледаме гаранцијата за која говореше колегата. Зошто е на овој начин поставено, уште еднаш ќе му дадам одговор на Караџоски. На овој начин е поставено, затоа што се говори за три начина на избор, или именување на членовите на идниот Судски совет на Република Македонија. И во трите начина се бара правична и соодветна застапеност и тоа треба да биде почитувано. Доколку не беше вака, ќе дојдевме во ситуација за спроведување на тоа што вие го нагласувате во вашиот амандман 6 за правична и соодветна застапеност, ќе дојдевме до ситуација само од едниот орган, на пример од Собранието, или од страна на претседателот да се предложат само членови на етничките заедници само за да се реализира, или спроведе правичната и соодветната застапеност. Вака како што е, на трите начина на предлагање на изборот на членовите на идниот Судски совет на Република Македонија ќе се почитува правичната и соодветната застапеност. Ценам дека ова е најдобриот начин кој што кореспондира токму со амандманот 6 од Уставот за кој што вие говорите.

**Љупчо Јордановски:** Една минута господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Господине Јашари, значи амандманот 6 е дел од Уставот на Република Македонија е вкалкулиран во Уставот на Република Македонија. Амандманот 28 исто така ќе биде дел од Уставот на Република Македонија и ќе биде внесен во содржината на Уставот на Република Македонија. Нема потреба два амандмани, а понатаму следат уште други кои што ќе повторуваат една иста материја која зборува за правична и соодветна застапеност. Јасно е кажано во амандманот 6 дека таа правична и соодветна застапеност ќе се применува на сите нивоа, што значи и во делот на судската власт. И не ја гледам причината само од аспект на правно-технички карактер зошто би стоело во амандман 28. Ова што сега вие го зборувате, јас исто така велам дека треба, но да биде содржано во законот кој што ќе следи после утврдените амандмани и нема да има никаков проблем.

**Љупчо Јордановски:** За реплика се јави господинот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Благодарам господине претседател. Мислам дека тоа што го пласира господинот Караџоски не држи, затоа што тој вели дека не е гаранција за етничките заедници и тоа што е уставна категорија, што значи, правична и соодветна застапеност. Тогаш, се поставува прашањето, која е гаранцијата доколку не е Уставот, а од Уставот произлегуваат законите. И токму поради ова ние инсистиравме и мислиме дека треба да биде и во овој амандман правичната и соодветната застепност. Така што доколку во нашава држава не се почитува Уставот, не се почитуваат законите, тогаш јас не знам какви гаранции ќе имаат етничките заедници за да имаат правична и соодветна застапеност било во органите, или се разбира да не бидат мајоризирани во одлучувањето. Така што господине Караџоски, ние мислиме дека е добро во сите амандмани да стои правичната и соодветна застапеност. И ова е еден знак дека тие кои ќе бидат дел од овие форуми, од овој Совет треба да го почитуваат Уставот и законите.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Караџоски, една минута.

**Жарко Караџоски:** Господине Алити, мене ми е навистина жал што не се разбираме. Значи, тоа што вие мислите не значи дека е тоа и право. Тоа што тврдите дека не се почитуваат Уставот и законите можам да го прифатам затоа што први сте вие што не ги почитувате ниту Уставот, ниту законите. Најпоследниот пример е Законот за употреба на знамињата. Но, за тоа вината не е во нас. Јас зборувам една работа, нема да значи ништо доколку ова што го барате остане во уставна категорија. Ако тоа прашање не се регулира со закон, никакво фајде нема да имате. И затоа почитуван колега, најголемиот отпор можеби го правите и за тој закон каде што треба

да се донесе со двотретинско мнозинство заради тоа што токму од тоа и стравувате. Значи, ако Уставот сам по себе нема примена доколку не биде спроведен во рамките на законите. И затоа ви кажувам, нема потреба сто пати да го спомнуваме принципот на правична и соодветна застапеност во Уставот, кога не го регулирате со закон.

**Љупчо Јордановски:** Има збор госпоѓа Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе, јас по 105-ти пат ќе повторам дека од зборовите "соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници" искрено да ви кажам ми се крева косата на глава, посебно кога се работи за нивно имплементирање како уставна категорија. Значи, за да нема недоразбирање, да го прочитам амандманот 6 кој гласи: Соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа. Тоа е амандманот кој беше усвоен после Рамковниот договор. Сега со овој амандман од 10 точки, или од 10 ставови, во три става упорно се инсистира на повторно имплементирање, или повторно издигнување на уставна категорија, соодветна и правична застапеност на сите заедници во Република Македонија.

Јас сакам да поставам едно друго прашање, зошто упорно се форсира тој принцип соодветна и правична застапеност? Каде е принципот на стручност и компетентност, почитувани колеги и почитуван претседателе? Што ми е мене гаранција што е гаранција на Парламентот, што е гаранција на Република Македонија дека со ваквиот состав на Судскиот совет ние ќе можеме да го постигнеме ефектот кон кој сите се стремиме, независност на судството. Немам гаранција. Само за да се знае дека одредени припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија заради соодветна и правична застапеност единствено по етнички принцип треба да влезат во овој состав, или овој најважен орган врз кој ќе падне целата реформа во судството. И ова е, како што кажаа сите претходни дискутанти темел на целите на сите 30 амандмани со кои се бара да се измени Уставот. Значи, не ми е јасно зошто упорно се форсира уште на 15 места во Уставот да стои оваа одредба кога веќе постои амандманот 6 кој функционира. Ние донесовме почитуван претседателе, мал милион закони во кои се вели дека во соодветните органи ќе се почитува принципот на соодветна и правична застапеност на граѓаните. Значи, врз основа на амандманот 6 ние донесовме милион закони. Сега пак по десетти пат ќе пишуваме во еден ист амандман дека треба соодветна и правична застапеност што ме доведува до заклучок дека тука не е интенцијата да се постигне ефектот независност на судството, туку сепак, се работи колку и да го негираат тоа и претставниците на ДУИ и Владата, политички договор во делот на имплементирањето на припадниците на заедниците во сите сегменти и нивоа кое пак претходно веќе е дефинирано. Мислам невидена нелогичност. И од тие причини јас апелирам до колегите пратеници да го поддржат амандманот од колегата Жарко Караџоски. И она што треба натаму да следи со измените на законите кои ќе се предложат од страна на Министерството за правда, а врз основа на овој амандман, таквата застапеност да егзистира таму.

**Љупчо Јордановски:** Три минути реплика господинот Јашари.

**Аднан Јашари:** Жалам што повторно се јавувам, сепак ми се чини дека не можеме да се разбереме. Уште еднаш ќе повторам, текстот од амандманот за кој што говориме во него се зборува за правичната и соодветната застапеност во текот на постапката на избор, односно именувања. Доколку не беше така, повторно ќе кажам, ќе дојдевме во ситуација за реализација на амандманот 6 за кој што говорите на некој начин на изборот, односно на именувањето да се предложат сите кандидати кои што се од етничките заедници, што не е во ред. И затоа повторувам уште еднаш, овој начин вака поставен е во однос на начинот на предлагање, или именување. Затоа јас повторно ќе кажам дека е добро што е вака напишано.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Почитуван колега Јашари, испаѓа дека вие многу им верувате на членовите на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, отколку на македонските граѓани или на Македонците. И пак ќе повторам, зошто не инсистирате на стручност и компетентност, а не на правична застапеност? Не сте сигурни во стручноста и компетентноста на кадрите кои ќе влезат во Судскиот совет и кои ќе ја носат реформата.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Којзеклиска втор пат правите иста грешка, можеби е лапсус. Под правична застапеност не значи дека нема да има стручност и компетентност. Јас познавам многу судии и правници од етничките заедници кои што се квалитетни. И вие спомнавте дека со етничката пополнетост, и вие спомнавте дека етничката припадност ќе ја намали да кажеме компетентноста. Да рековте, партиската, нешто би прифатил, но етничката, тоа не би прифатил.

**Марија Којзеклиска:** Претседателе, вие очигледно не сте ме разбрале. Во ред, тоа си е ваше право. Меѓутоа, јас да ви кажам нешто. Во Законот за полиција кога се носеше и во некои претходни закони имаше една ваква формулација: ќе се почитува принципот на соодветна и правична застапеност на сите заедници, но почитувајќи ја стручноста и компетентноста на кадрите.

**Љупчо Јордановски:** Тоа не значи дека во законот нема да го имаме тоа.

Има збор господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, во поддршка на амандманот од колегата Караџоски јас би кажал само неколку збора и тоа. Вие кажавте дека етничката припадност не мора да значи дека не е ни стручна. Јас морам да ве дополнам дека и партиската припадност не мора да значи дека нема стручност. Значи, не станува збор дали едното или другото. Во случајот доаѓаме во една неприродна ситуација некој поради тоа што припаѓа на некоја етничка заедница да биде избран и ова во многу досега донесувани закони за мене лично, се надевам и за колегите од ДУИ е тоа едно. И јас како и вие се залагам за стручност и компетентност и тие луѓе треба да ги избере фелата. На овој начин дали не правиме ограничување дека наместо три, можат да бидат избрани 5, доколку тие заслужуваат и навистина треба да бидат избрани. Ние сега направивме ограничување. Но, овој дел кој што вака е предложен и сите понатамошни ставови од овој ист амандман 28 не носат во една друга ситуација. Јас исто како и вие како математичар доколку направиме еден сооднос ќе дојдеме во една многу непријатна ситуација. Сега не знам, дали тука зборуваме за 20, 25% како што беше цело време застапеноста, или незастапеноста, затоа што тројца од осум претставуваат 37,5%, од двајца еден претставува 50%, од тројца што тука ќе ги бира Собранието дали ќе биде еден повторно би било 33,3% и повторно доаѓаме на некои бројки кои што апсолутно веќе ако се врзуваме за правична застапеност, тогаш имаме неправична застапеност. Тогаш, повторно некој ќе се јави и ќе говори зошто едните се помалку застапени во однос на другите. Мислам дека и математички и било како ние обврзуваме некои луѓе да избираат, или да предлагаат двајца од еден, мора да биде од етничката припадност. Мислам дека со ова не само што го ограничуваме правото, туку донесуваме во една многу неприродна ситуација било кој од овие предлагачи и било кој од судиите и членовите на Судскиот совет што треба да бидат во ова тело да не бидат во право. Во меѓувреме додека трае расправата, се јавија неколку граѓани и кажуваат заради правичната застапеност, уште еднаш ќе кажам, дека додека трае Парламентот тие можат само да не слушаат на албански јазик, затоа што преводот оди на албански јазик и граѓаните, македонскиот народ едноставно не може да разбере за што се расправа на овој Парламент.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, веќе сме информирани и сакам да кажам што е проблемот. Проблемот е до кабловските оператори. Инаку, од овде сигналот си оди сосема коректно.

**Спиро Мавровски:** Јас не знам како оди од кабловските оператори, но ова е информација која што ја добив пред малку. А од друга страна уште еднаш ќе кажам дека овие избрани припадници од заедниците како што е вака ставот 4, мислам дека треба да отпадне. И го поддржувам амандманот на колегата Караџоски, затоа што 8 члена на Советот ги избираат судиите од своите редови. И тука не треба да правиме ограничување, затоа што ако стигнеме повторно да броиме, на број и на проценти, ќе изгубиме многу време за нешто што апсолутно не вреди да се разговара. Затоа, дајде им право на судиите, веќе ако сакаме да направиме промени, овие промени ги правиме точно заради тоа што во моментот судовите не работат како што треба, затоа што има партиски притисок, затоа што има притисок од извршната власт и од законодавната власт. Дајте да ги оставиме самите да си ги изберат луѓето. Ние повторно се мешаме во работи со кои што им вршиме уште еден дополнителен притисок. Затоа вака како што е предложен, јас ќе гласам за амандманот на господинот Караџоски.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Во последниот став на овој амандман стои дека условите и постапката за избор, именување, како и основите и постапката за престанок на функцијата и разрешување на член на Советот се уредуваат со закон. Во овој четврти став од амандманот стои дека тројца од избраните членови се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија при што ќе се запази соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници. Навистина ова правична застапеност, не знам што се подразбира, затоа што правична застапеност е застапеност на секој оној кој што поседува квалитет, стручност и компетентност за да може да биде на таа функција. А соодветна, тоа е веќе, ако се зборува за соодветна, тоа значи дека зборуваме за одредени проценти во склад со нивната бројност во однос на вкупното население во Република Македонија. И ако се прифати овој принцип како принцип на утврдување на членови на Судскиот совет, тогаш нека биде прецизирано. Нека се знае колку места се загарантирани за Македонците во Република Македонија, колку места се загарантирани за Албанците, колку се за другите етнички заедници кои што се наведени во Уставот, и на тој начин ќе имаме еден принцип кој што во целост ќе ја опфати оваа содржина која што сега се предлага. Вака, како што стои сметам дека во самиот амандман има контрадикторност сам во себеси, затоа што не може условите за избор, именување да бидат утврдени со закон, а веднаш се дефинира кој е еден од тие услови.

Еден од тие услови ќе биде да биде припадник на етничка заедница, да не биде припадник на Македонскиот народ, тоа е она што се сака да се каже.

Немам ништо против да бидат и мнозинство, 10 нека бидат припадници на етнички заедници, меѓутоа принципот на бројност не може да се прифати како аргумент за создавање на квалитетно судство, затоа што зборуваме за

Судски совет кој што има огромна тежина, огромно влијание врз целокупните состојби во судството во Република Македонија.

Ако зборувавме дека во администрацијата треба да има соодветна и правична застапеност, ако зборувавме дека во другите институции, организации, во војската, во полицијата итн, да има правична застапеност сега зборуваме за во третата власт да има правична застапеност. Јас се согласувам дека правичната застапеност досега требаше да биде обезбедена. Цело време слушаме дека Охридксиот рамковен договор е завршен, ДУИ излегува и вели дека постојано вработува Албанци пред нивниот електорат и кажува дека има соодветен број и на судии кои што пред досегашниот Републички судски совет се припадници на албанската етничка заедница и тие сигурно по својата бројност одговараат на процентуалната застапеност, или треба да одговараат на процентуалната застапеност на Албанците во Република Македонија, како принцип на именување, односно на на тие лица.

Ако е така тогаш зошто се предлага уште еднаш се врзуваат рацете на законодавецот во закон да ги дефинира условите и постапката за избор и именување на овие судии. Зошто? Затоа што со ова решение, јас морам ова да го истакнам, се оневозможува принципот на тајно гласање, принципот на избор на судии членови на Судскиот совет кои што ќе бидат вистински претставници на судиите во Република Македонија. Затоа што, ако се вратиме повторно на предлагањето, ако е вака мора некој да предлага, ако предлага некој, а тоа не биде на јавен конкурс или на оглас каде што ќе се пријават сите судии кои што се заинтересирани за членство во Судскиот совет дефинитивно значи политизација повторно на нивниот избор како што имавме и досега. Гаранцијата дека во Судскиот совет, или Судскиот совет нема да биде еднонационален може да стои како посебен став надвор од оваа детализираност кој предлага, кој од која етничка заедница и на каков начин треба да се избере. Значи, секоја од структурите, односно предлагачите овластени да предлагаат членови на Судскиот совет овде не гледам дека мора да предложи барем еден припадник на други етнички заедници кои што не се македонци. Така за претседателот на државата се вели дека ќе предлага двајца од кои еден треба да биде припадник на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Ова може да се свати поинаку. Навистина, коои се заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Дали ова значи дека Македонскиот народ се доведува на ниво на заедница и сега од останатите заедници, оние кои што не се мнозинство имаат право да предлагаат или да учествуваат во составот на Судскиот совет. Дали ова не значи дека Македонскиот народ се сведува на ниво на заедница. Јас можам само така да го разберам ова што е вака наведено.

Понатаму, кога тројца членови на Советот избира Собранието на Република Македонија со мнозинство од вкупниот број на пратеници се знае каков е начинот на гласање тука и тука уште еднаш се наведува дека мнозинство гласови треба да биде од припадниците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

И тука заради некакви политички или не знам какви други договарања може да се случи од тројца да бидат или сите тројца или двајца или еден. Значи, најмалку еден.

Понатаму, претседателот на Врховниот суд се предлага да биде член на Судскиот совет. Претседателот на Врховниот суд зошто се прејудицира дека нема да биде припадник на етничките заедници кои се малцинство. Тоа е токму тој принцип за кој што сега зборуваме, принципот на компетентност, силата на функцијата која што ја има претседателот на Врховниот суд и поради тие причини се предлага тој да биде член на Судскиот совет. Ние овде не можеме да зборуваме доколку претседателот на Врховниот суд е припадник на етничките заедници кои не се малцински, туку изборот на претставниците од страна на Собранието ќе биде за двајца или за еден кои што се припадници на етничките заедници.

Значи, не можеме со етничка математика да создаваме орган од кој што зависи навистина вкупната состојба во судството и надминувањето на сите проблеми што ги имаме во оваа област во Република Македонија. Кога се работи за судиите, значи она овде што треба најмалку политички избори, зборуваме повторно за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.

Одтука сметам дека прејудицирањето или оневозможувањето на тајниот избор на членовите претставници од страна на судиите во Судскиот совет дефинитивно ќе значи повторно политичко влијание при изборот на судиите членови на Судскиот совет и тогаш ќе се постави под знак на прашање целта која што цело време овде ја истакнуваме, од сите страни тоа го слушнавме дека мора да постои рамнотежа на сите власти во кои што судиите ќе имаат доминантно влијание и одлучувањето во Судскиот совет. Ако не можат судиите да имаат доминатно влијание ограничувајќи се со овој начин на избор, тогаш дефинитивно значи дека овој Судски совет кој што се предлага да се формира нема да биде од ништо поразличен од Републичкиот судски совет кој што и досега функционираше, а за кој што видовме многу пати дека се случуваше да нема усогласени ставови помеѓу Парламентот и Судскиот совет заради некакви политички причини.

Понатаму, сметам дека уставноста, уставното начело за соодветната и правичната застапеност на етничките заедници во Република Македонија, тоа нешто се претпоставува и е внесено во Уставот, тоа е дел од Рамковниот договор за кој што велиме дека е завршен. Ако е завршен

Рамковниот договор сега ние треба ли и во судството да го внесуваме. Ако е така тогаш доаѓа до израз она што го кажа господинот Алити, а тоа е дека ние немаме гаранции дека во Законот за судски совет ќе се најде решение за наше учество во Судскиот совет и понатаму што индиректно значи наше учество, како албанци зборувам, како етничка заедница во Република Македонија или дел од Албанскиот народ, како што се наведува во Уставот, понатаму при предлагањето и изборот и разрешувањето на судии. Значи пред време се акцентира етничкиот критериум и при изборот на судиите, особено ова што се предлага за составот на Судскиот совет.

Овде ќе се појават и други прашања. Јас овде би поставил едно прашање, пак во контекст на некоегзистентноста на ова решение. Што доколку одреден член на Судскиот совет има престанок на функцијата. Тогаш во законот ли ќе се наведе дека тој член доколку припаѓа на одредена етничка заедница, доколку му престане функцијата ќе може да биде избран само од судии кои што се припадници на етнички заедници кои што се во малцинство во Република Македонија ? Или оној што ќе биде разрешен, затоа што има и разрешување треба на негово место пак да дојде некој кој што треба да задоволува определени критериуми кои што не се во согласност со начелото на стручност и компетентност, туку се во согласност со начелото на етничка припадност.

Навистина многу дилеми се оставени со ставот 4 од овој амандман и тука не се работи дека некој нема доверба во некого и затоа сака да изгради доверба преку гаранции во Уставот.Ако албанците немаат доверба дека мнозинството во Парламентот нема да изгласа закон во кој што ќе стојат услови со кои што ќе се води сметка за начелото на соодветна застапеност на албанците и на другите етнички заедници јас не ја гледам причината и платформата на која би функционирала секоја влада, не само оваа, затоа што учеството на Албанците во власта, албанските политички партии е дел токму од тој процес кој што се нарекува градење на таа доверба. Не може да се разбере дека за се треба во Уставот да постојат гаранции, или доколку не постојат тие гаранции треба да се направат гаранции кои што се надвор од секаква правна логика, надвор од секаква стручна логика и надвор од она што може да претставува вистинска реформа на судството што треба да доведе до ефикасност на судството, до независност на судството.

Мене ми е јасно дека за да се донесат овие уставни амандмани во Собранието на Република Македонија треба 2/3 мнозинство. Дека треба мнозинство на етничките заедници, меѓутоа условувањето на реформите во судството со вакви решенија апсолутно го сметам за непотребно и сметам дека тука пред се ДУИ како албанска политичка партија која што е дел од власта на Република Македонија треба да покаже дека е за интеграција не само со знамињата што ги истакнуваат, туку и со конкретни работи кои што треба да стојат во Уставот на Република Македонија а кои што ќе доведат до почитување на начелото на компетентност и стручност. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Хусеинџеват Хусеини, повелете за реплика, три минути.

**Хусеинџеват Хусеини:** Почитуван колега да ви кажам дека нема да го гласам вашиот амандман бидејќи е во спротивност со принципите за кои вие говорите.

Судството во Македонија има големи проблеми подолго време. Така е забележано и во книгите од Европа и интенциите се тоа судство да го претвориме да биде поефикасно. Неажурноста, неефикасноста, корупцијата и се лошо во судството, во ова дереџе какво што е е постигнато без учеството, или со минимално учество на Албанците во овие органи. Ве молам објаснете ми за какви надлежности говорите и за каква стручност говорите. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Стојановски една минута.

**Блаже Стојановски:** Според она што го кажавте значи Македонците се тие кои што го доведоа до ова дереџе судството, како што велите, во Република Македонија, меѓутоа ДУИ ја доведе Македонија и економија и се друго до ова дереџе и постојано друго дереџе создава, меѓутоа сметам дека проблемите во судството не можат да се решат со тоа што еден судија ќе биде албанец, турчин или ром и мора да биде припадник на тие етнички заедници заради тоа што е припадник, а не заради тоа што треба да суди по Устав и по закон. Затоа имаме основ за разрешување, за именување, затоа е тука  Судскиот совет затоа предложив во Судскиот совет со една реченица да стои дека треба да има соодветна и правична застапеност, како што велите, меѓутоа вие да условувате Собранието да избира, претседателот да предлага, судиите да избираат припадници на етнички заедници без при тоа да наведете во закон . . .

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Краљевски, имате збор.

**Чедомир Краљевски:** Благодарам претседателе.

Ако се сака навистина да се исполни целта, а целта е реформирање на правосудниот систем во Република Македонија и создавање на ефикасно, ажурно, независно и самостојно судство тогаш не го разбирам максималното инсистирање на примената на прнципот дека и во вака што по дефиниција би требало да биде високо стручно и професионално тело, како што се проектира да биде Судскиот совет на Република Македонија да биде применет принципот на соодветна застапеност и за припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Не ја гледам логиката на таквото инсистирање бидејќи мене не ми пречи, да бидам искрен, како што рече

колегата Јашари ако и сите припадници членови на ова високо стручно и професионално тело бидат припадници на заедниците во Република Македонија. Ако се навистина според секакви критериуми спореден токму тие 10 или 8 или 15 избрани навистина најстручни, најпрофесионални членови на Судскиот совет во Република Македонија.

Премногу инсистирање на овој принцип да се стави во вакво тело кое покасно одкако ќе биде формирано според критериумите пред се на стручност и компетентност тоа треба да го има во предвид принципот на правична застапеност на судиите што ќе ги избира и што ќе ги предлага. Значи, при изборот на судиите, треба да се води сметка за овој принцип бидејќи судиите ќе бидат дисперзирани низ цела територија на Република Македонија и би било во ред да се води сметка за овој принцип.

Но, одкако ова тело ќе биде востановено, конституирано, формирано по принципот на стручност и компетентност. Ваквото инсистирање на примена на принципот и при формирање на Судскиот совет на Република Македонија ми личи како да ние треба да го промениме Уставот и при избор на претседател на државата да кажеме дека претседателот на Република Македонија во своите жили треба да му тече крв 1/3 од припадниците на заедниците во Република Македонија. Каде да најдеме ние таков мелез, или можеби ќе најдеме, но дали тоа треба со Уставот да го формираме таквото инсистирање.

Сметам дека премногу инсистирање на овој принцип ќе доведе ова тело да се претвори во спротивност на она за што се формира. Тогаш не знам дали ќе може да ја исполни својата задача да придонесе за воспоставување на судски систем кој ќе биде независен, компетентен, стручен и ефикасен и ажурен, какви што се целите.

Инсистирањето на овој принцип мислам дека пред се треба да биде вградуван овој принцип кога ќе се има во предви дункции кои во себе ја имаат доминантна политичката компонента, а не кај функции кои во себе ја имаат пред се и доминатна експертската компонента, ако се сака да се постигне, јас мотивите од прилика можам да ги разберам на колегите од ДУИ, да се инсистира присуство на заедниците во сите функции што ја рефлектираат државноста на Република Македонија, ако е тоа целта, па меѓу другото и во овој Судски совет на Република Македонија, меѓутоа јас ги замолувам да ја корегираат таа нивна желба и мотив и да ја усмерат само во оние функции кои пред се имаат политичка компонента, а што помалку да инсистираат на примена на овој принцип во функциите кои имаат експертска компонентна. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Адеми, имате ли реплика? (да)

Значи од надвор сте го слушнале господинот Краљевски.

**Абдилаким Адеми:** Секако господине претседател, и надвор се слуша.

Од тоа што слушнав од господинот Краљевски, тој ништо не говореше за амандманот кој што е предложен од господинот Караџоски, туку говореше за нешто сосема друго.

Тоа за што мене сега ми е жал и за што всушност сум загрижен поради ова што се случува и ова што се дискутира денеска во Парламентот на Република Македонија е тоа дека и по 4 години ние повторно дискутираме за истите теми. Всушност денес треба да дискутираме за тоа како да изградиме механизми за градење на едно независно и квалитетно судство.

Во Охридскиот рамковен договор јасно стои одредбата за соодветна и правична застапеност на сите етнички заедници. Ова не е така случајно. Ова сум го кажал неколку пати и ќе повторам пак.

Не е случајно од причина што настојувањето, тенденцијата е да се поврати довербата на сите граѓани без оглед на нивната етничка припадност кон институциите, во овој случај кон институцијата судство.

И врз основа на тоа зошто ги правиме реформите во судството, можеме да констатираме дека судството во целина е неефикасно и корумпирано и доколку го земеме фактот дека албанците се многу малку претставени во судството, тогаш и за судството можеме тоа да го кажеме. Секако, ако ја поделиме одговорноста, таа тука ќе биде многу мала, а тоа што претходниот говорник рече во целина колку ќе бидат компетентни и стручни тие албанци што ќе влезат во судството, јас би се согласил со него доколку во нивниот амандман на крајот од реченицата, во четвртиот став, фигурираше "да се исполнат критериумите да бидат професионални и соодветни лица", а не на овој начин да се избрише правичното и соодветно застапување во советот. Затоа, сите овие дискусии јас ги оценувам како неосновани и губење време.

**Љупчо Јордановски:** Сепак, господине Адеми, не се слуша исто надвор и овде, бидејќи господинот Краљевски зборуваше во рамките на амандманот и дискутираше можеби на свој специфичен начин со примерите што ги даваше.

Бидејќи нема никој пријавен за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам на гласање.

Гласале 66 пратеници, 11 пратеници гласале за амандманот, 1 воздржан и 54 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот точка 1 став 4 на текстот на Предлогот на амандманот 28 поднесен од пратениците Силвана Бонева и Ристана Лалчевска.

Го молам преставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Младеновска, министер за правда.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збро?

Господине Китаноски, имате збор, повелете.

**Илија Китаноски:** Благодарам.

Овој амандман, како и претходниот што не беше прифатен, на точка 1 став 3, се во функција на вистинска независност на Судскиот совет и поголема самостојност во неговото одлучување без никакво влијание и мешање на другата власт, а овде пред се се мисли на извршната власт претставувана од министерот за правда, бидејќи по природата на нештата министерот за правда е политичка личност, припадник на политичка партија и претставник на извршната власт и никако, во ниеден случај не му е местото во Судскиот совет, ниту му е надлежност да одлучува за избор и разрешување на судии, значи да учествува и во судската власт. Тоа е нонсенс и затоа со овој амандман се предлага наместо 8 да бидат избрани 10 судии во Судскиот совет од редот на судиите, со што со зголемувањето на бројот на членовите на Судскиот совет од редот на судиите тие би станале доминантно мнозинство во Советот и на тој начин ќе се гарантира поголем степен на независност на Советот и на носењето на одлуките во тој Совет.

Што се однесува во учеството на претседателот на Врховниот суд, и тој е од редот на судиите, и тој може да биде избран од тие 10 судии, така што како судија избран од сопствената фела, а не по функција како претесдател на Врховниот суд, меѓутоа, во тој случај не би можел да биде претседател на Врховниот суд. Мислам дека амандманот е сосема јасен и мислам дека ја заслужува подршката на колегите пратеници.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Лалчевска, повелете, имате збор.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам.

Почитуван претседателе, колеги пратеници и претставници на Владата,

Би сакала да кажам неколку зборови за овој амандман кој го поднесовме заедно со колешката Бонева, и да го поврзам со претходниот амандман кој за жал беше одбиен. Зошто тргнавме и дадовме предлог да се оди наместо со 8 со 10 судии во идниот Судски совет? Пред се, затоа што кога отворивме расправа за пристапување кон измени на Уставот, провејуваше едно становиште дека судиите треба да бидат најмногу застапени и тоа до две третини. Значи бројот од 10 е токму со оние две третини кои треба да ги имаат како учество судиите, значи од фелата да учествуваат во Судскиот совет. Дадовме предлог да бидат 10 судии и тоа немаше да биде некоја разлика, бидејќи го исклучувавме министерот за правда од Советот, по она што беше и забелешка од Венецијанската комисија, да се минимизира влијанието на извршната власт, задолжителното членството на министерот за правда во Судскиот совет на Република Македонија, потребно е тоа да се замени со право за присуство на седница на Советот или членство без право на власт. Токму поради оваа причина ние дадовме таков амандман. А во однос на бројката, бидејќи во дадениот предлог се 8 судии плус со предлогот претседателот на Врховниот суд кој исто така е судија, значи ваквиот предлог не го иславучува и претседателот на Врховниот суд како судија да биде избра од неговата фела, да членува во Судскиот совет и плус уште еден член, тоа би биле 10 судии и би ја имале онаа оптимална бројка на учество на фелата во Судскит совет. Од тие причини го предложивме овој и претходниот амандман, кој за жал беше одбиен и не најдовме на разбирање кај Владата.

Ги повикувам пратениците да гласаат за овој амандман и да и дадеме право на фелата во најголем број да учествува во идниот Судски совет, а амандманот апсолутно не го исклучува правото на фелата, ќе повторам, и претседателот на Врховниот суд кој исто така е судија да биде можеби избран, тоа ќе биде нивна оцена, како некој што се наоѓа на врвот на судската пирамида, меѓутоа одлуката ќе биде на фелата дали ќе го избере или нема да го избере претседателот на Врховниот суд кој исто така е судија во идниот Судски совет. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Благодарам, сега имаме доволно.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 8 пратеници гласале за амандманот, 1 воздржан и 56 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 за менување на став 5 на текстот на Предлогот на амандманот 28, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам преставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда, повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Господине Мавровски, повелете, имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам претседателе.

Ете, повторно доаѓаме до истата ситуација од претходниот амандман кој се однесуваше на ставот 4, сега сме на ставот 5 и досега слушајќи ги колегите од ДУИ дека се тие за една правична застапеност, дека не ја делат одговорноста затоа што сега има многу судии, помалку албанци, кога ќе бидат повеќе сигурно дека ќе биде многу подобро и дека тогаш ќе имаме многу подобро судство без корумпираност, тоа треба да го прифатиме затоа што ќе има повеќе судии албанци. Сега доаѓаме во една ситуација со овој амандман, се кажува во ставот 5: "Тројца членови на Советот избира Собранието на Република Македонија " и тоа е амандманот. Ваквото решение е во согласност со уставните одредби кои важеа и до сега при изборот на судиите, кога веќе остана дел од членовите на Судскиот совет на Република Македонија да ги избере Собранието на Република Македонија, нема никаква потреба тие да се бираат со Бадинтерово мнозинство, затоа што со тоа се нарушува основната цел и функција на амандманот 10 од Уставот на Република Македонија. Доколку ваква потреба од избор на било кој член носител на јавна функција требало да биде регулирано, тоа ќе било инкорпорирано во амандманот 10 од Уставот и изрично напишано во Рамковниот договор. Со оглед дека тоа не е таму кажано, во овој амандман нема потреба да стои, затоа што со тоа се нарушува и Рамковниот договор. Доаѓаме во ситуација она што значи мнозинство во Парламентот, значи етничките заедници во случајот имаат мајоритет и само кога тие сакаат во овој Парламент ќе може да се избере некој судија. Сега дали со овие амандмани што ги предлага Владата и госпоѓата министерка доаѓаме во ситуација за многу поправично судство и на тој начин дека ќе избереме многу подобри судии доколку зад тоа и во секој момент имаме одобрување од не знам колку во моментов има 17 или 20 пратеници, кои доколку не го дадат својот глас и останатите 90 да бидат за тоа, едноставно судијата нема да помине, членот на Советот нема да биде избран се до оној момент додека тие 17 или не мора да се ни 17, девет од нив не дадат согласност за член на Судскиот совет. Ако е тоа целта на ова што тука го предлагате во овој став 5, мислам дека не одиме напред кон Европа туку се враќаме многу назад и дека на овој начин апсолутно нема ниту да избереме некој пат судија, ниту ќе се избере оној што треба да биде избран се до оној момент додека вие не бидете уценети или некој кој што треба да го избереме овде, за кој што ќе имаме согласност од оние што се малцинство во Парламентот. Мислам дека на овој начин апсолутно не донесуваме решение и се надевам, барем од македонскиот дел од пратениците и воопшто од сите пратеници, треба да најдеме заеднички збор и ова едноставно да заврши со тоа што тројцата членови од Советот ги избира Собранието на Република Македонија, дали тоа ќе биде со дветретинско мнозинство или со просто мнозинство за тоа можеме да говориме, а за вториот дел, Бадинтеровото правило, во овој дел апсолутно не треба да стане збор. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** За реплика се јави пратеникот Аднан Јашари.

Повелете три минути, господине Јашари.

**Аднан Јашари:** Не истото, туку би сакал со сета почите кон колегата, да ни каже која е разликата меѓу Амандманот 14 од Уставот на Република Македонија и ставот 5 кој е предвиден во овој текст. Доколку има разлика, во точка и запирка, нека ни каже. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, една минута контра реплика, повелете.

**Спиро Мавровски:** Господине Јашари, јас нема што да ви кажувам ниту за амандманот ниту за членот, говориме за ова што тука стои во овој амандман кој треба сите да го донесиме заедно. Во овој амандман кажуваме дека со тоа го исправаме судството во Република Македонија и се движиме кон нешто подобро како порегуларен начин и за избор на Судскиот совет и за она што значи квалитет на судството во Република Македонија. На овој начин апсолутно ништо не решаваме и се ставаме сите во замка од која не можеме да излеземе. Без разлика дали ќе го цитираме овој или оној член, говориме за нови амандмани кои треба сите заедно денес да ги прифатиме и да ги усвоиме. Мислам дека тука апсолутно таква работа нема и дека Парламентот ќе стане зависник од тие 10 - 15 гласа. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски, имате збор.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Мотивот поради кој го поднесов овој амандман во името на пратеничката група на ВМРО Народна партија е токму она што го кажа господинот Аднан Јашари. Значи која е разликата меѓу амандманот 14 и амандманот 28 став 5. Господине Јашари, и мене не ми е јасно која е разликата. Никаде во образложението на Предлогот на текстот на амандманот 28 немаме содржина што се случува со амандман 14, дали амандманот 14 по автоматизам со менувањето на членот 104 од Уставот, автоматски со тоа отпаѓа и амандманот 14 или останува амандманот 14. Значи не е јасно кажано. Можеби требаше во образложение или во точка 2, каде што се вели дека " Со овој амандман се заменува членот 104 од Уставот на Република Македонија", да се додаде и дека амандманот 14 се брише. Тогаш би било логично ова што вие го кажувате. Мене на пример од читењето на сето ова не ми е јасно, односно мене како правник ми е јасно, но за многу овде што треба да гласаат не е јасно која е судбината на амандман 14. Бидејќи не е јасно, ќе си претпоставуваме, ако судбината на амандман 14 останува иста како што е, а вие сами кажавте и јас потврдувам дека потполно е идентична содржината со ставот 5 на овој амандман, тогаш би ве прашал и вас и другите

колеги пратеници има ли потреба два пати да се зборува едно исто во Уставот. Ако сега амандманот 28 го заменува членот 104, и ќе има на него повторно амандман 14, бидејќи не е кажано што се случува со него. Во Уставот пишува така како што пишува, членовите си стојат, а на секој член се додава амандман и никаде не стои дека некој се брише или не се брише. После усвојувањето на овој амандман, после амандманот 14 ќе стои амандман 28 и понатаму ќе стои членот 104, со тоа што амандман 28 ќе се каже дека членот 104 ќе се брише. Еден лаик или човек кој не е доволно информиран во правото како вие ќе чита и нема да му биде јасно сега колку пати е повторено дека Бадинтеровото мнозинство треба да се применува и во овој случај. Тоа е едната работа.

Втората работа: да се разбереме, кога се донесува амандманот 14, ние сме прифатиле тогаш како партија на власт тројцата членови кои се избираат со мнозинство гласови да бидат, односно да добијат мнозинство гласови од вкупниот број на припадниците на заедниците и тогаш станувало збор за седум члена на Републичкиот судски совет на начин како што се бирал итн. и се мислело така како што се мислело. Значи овој амандман 28 и ставот 4 не може да биде ист со амандман 14, затоа што амандманот 14 се однесувал на еден друг орган на еден друг состав, со друти перформанси и надлежности. Надлежно било да предлага, сега е надлежно да избира и да именува итн. Бидејќи сега во амандманот 28 покрај оние нови надлежности, а првата верзија, не знам како ќе поминат понатаму амандманите, но сега зборувам како што е напишан, оваа верзија што ни се предлага во текстот, ако Собранието на Република Македонија бирало седум члена од Републичкиот судски совет вкупно, од кои тројца од нив ги бирало по принцип на Бадинтерово мнозинство, ја разбирам логиката, ама не ја разбирам сега логиката, ако Собранието на Република Македонија има право да бира, односно да именува тројца членови во Судскиот совет, значи само тројца, не седум и сите од нив да бидат по принцип на Бадинтерово мнозинство, мене навистина не ми е јасно кој амандман сега да го применуваме. Амандманот 14 имал смисла затоа што - повторно сега ќе се вратам на оваа принципиелна и пропорционална застапеност каде што зборувате и толку упорно се борите, од седум да се избираат тројца не е процент сто посто, можеби е триесет, еве, претседателот ќе ме исправи ако грешам, не може да е помалку. Но сигурно не е 100%. И тука има логика Бадинтеровото мнозинство и тука има логика принципиелната и пропоционалната застапеност.

Но, нема логика без разлика каков е составот на Судскиот совет сега на начин како што е овде формулирано, од тројцата што ќе ги избира Собранието, сите тројца да бидат по принципот на Бадинтерово мнозинство и испаѓа дека во Република Македонија заеднците се застапени 100%. И, дека секаде треба тоа бадинтерово мнозинство да го користиме ако го примениме вака како што е. Тогаш, дајте и Претседателот на државата да го избираме овде во Собрание по принцип на Бадинтерово мнозинство. Дајте и претседателот на Собрание да го бираме по принцип на Бадинтерово мнозинство, дајте и премиерот да го бираме и министрите сите заедно со Бадинтерово мнозинство. До каде ќе стасаме, па тогаш дајте да ја дефинираме државата еднаш за секогаш да се знае што држава сме ние. ќе гласате кога ќе ви дојде редот, колега, стрпете се. Ако ви е прифатливо гласајте, ние сигурно нема да гласаме, затоа што не ни е прифатливо. Во таа ситуација кој знае дали ќе го изгласате претседателот на Собрание.

Инаку, да се разбереме никаква мотивација ВМРО Народна партија не ја водело со бришење на она што е во ставот 4 предлагаме да се брише или да остане, да се скрати правото на Бадинтерово мнозинство.

И друго ќе ви кажам, и на господинот Јашари и на комплетната пратетничка група на ДУИ. Зошто овој текст во завршната фаза, значи оваа трета фаза, постојано трпи измени? Дали овој принцип на Бадинтерово мнозинство за избор на тројцата судии од страна на Собранието беше во Нацрт верзијата. Дали беше во првата фаза или се случи отпосле, од како требаше да се направи компромис со вас, за да се гласа Уставот. Јас само прашав дали беше. Ако беше,во ред. Но, ако не беше прашајте се зошто не било. Имаше една друга формулација, претседателе, не беше вака, имаше друга формулација во која што вие правевте математика дека ќе ни излезат повеќе судии во Судскиот совет или членови кои ќе бидат припадници на заедниците, а тоа е сосема друга формулација. Според вашите проценки излегува дури 60%. И, можеби така требаше да остане, ајде барем еднаш да не се бунат коалиционите партнери од страна на албанската заедница. Значи, ако овој член 28 во ставот 4 беше од страна на предлагчот јасен и искажан со тоа што која судбина ќе ја биде со амандманот 14 и која е смислата пак сега на овој амандман односно 28 став 4, немаше да има ни ваков амандман. Но, бидејќи не е јасно ние го поднесовме овој амандман, за да ја разјасниме работата, а не да ни остане нејасна, а како што гледам, по се изгледа ќе остане нејасна.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Јашари, нема да правиме дебати овде. Повелете, ако имате нешто да кажете во врска со 14, зборувајте.

**Аднан Јашари:** Накратко, господине претседател, од причина што со мене го имам текстот од предлог амандманите. Текстот предвиден во Нацрт амандманите текстуално буквално е ист со текстот кој што сега се предлага. Затоа, во оваа насока не треба да има никаква забуна, затоа што колегата можеби со или без намера, според мене, сака да ја дезинформира јавноста, бидејќи во

оваа насока има измени. Значи, ако вели дека нема измени, тогаш не е во право, се е така како што беше во фазата на нацрт амандманите.

Второ, што се однесува на тоа што со амандманот 14, доколку е проблем, кој што има повеќе правен карактер во ставот 2 од овој амандман, почитуван колега, многу е јасно и се вели дека со овој амандман се заменува став 2 од тој член 104. Доколлу забележите за текстот на Амандманот 28, во последниот став се вели дека со овој амндман се менува членот 104. Од тука мислам дека не би требало да има правни дилеми, затоа што овој амандман го заменува членот 104.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојановски, барате збор? Ќе кажете нешто ново?

Повелете господине Стојановски, да чуеме нешто ново.

**Блаже Стојаноски:** Има многу работи кои што не се кажани господине претседателе. Сега само ќе дополнам со една или две од нив.

**Љупчо Јордановски:** На искуството мое истите работи се кажани, само варијантите се поинакви.

**Блаже Стојаноски:** Ова го немате слушнато, претседателе.

**Љупчо Јордановски:** Тогаш, ајде да го чуеме.

**Блаже Стојаноски:** Да одиме по следниот редослед.

Прво, зошто е ваков пристапот на ДУИ по однос на ова прашање. Тоа е за тоа што се сака по секоја цена да се има некаква гаранција за остварување на некои интереси кои што ги имаат во однос на севкупните цели кои што треба да се постигнат со овие реформи.

**Љупчо Јордановски:** Ова не е ново, го слушнавме во претходниот амандман.

Повелете.

**Блаже Стојаноски:** Значи, најголема причина за тоа што се јавив за збор претставува тоа што ДУИ не е доследен по однос на ова прашање. А, зошт не е доследен? Затоа што со Бадинтерово мнозинство или со квалификувано мнозинство, кое што треба да биде потврдено од страна на припадниците во Парламентот од страна на албанската етничка заедница, се избираат како што овде стои тројца членови на Советот од страна на Собранието на Република Македонија. Меѓутоа, кога двајца членови на совет предлага претседателот на државата не се бара вакво мнозинство. Ова што значи? Ова значи дека ДУИ има доверба во Претседателот на државата, дека ќе предложи двајца кои се стручни и квалификувани личности какви што сака ДУИ или тоа значи дека Собранието може да го наруши овој принцип. Спрема Собранието се нема таква доверба. Значи, кога зборуваме за почитување на овој принцип морам да истакнам дека овој принцип е наведен во Уставот и тој принцип се однесува и до сега се однесуваше и во амандманот 14. Од тие причини е направен врз основа на Охридскиот рамковен договор. Прифаќањето на тој амандман беше со тројца членови да бидат од вкупниот состав на досегашниот РСС, да бидат припадници на етничките заедници кои што не се мнозинство во Република Македонија. Сега, не се оди со целосно решавање на ова прашање, не се оди со тоа дека од 7 - 3 колку е процентуално 40%, сега не се оди со целината од 15:6%, туку се оди на принцип, доколку Собранието избира ние мора да дадеме согласност не само за припадниците на етничките заедници кои што се малцинство, туку и за оние кои што евентуално Собранието би ги избрало од редовите на Македонците и другите припадници на етникумите во Република Македонија. Од трета страна, никаде не стојат гаранции дека овој принцип како принцип се однесува на министерот за правда да речеме. Доколку министер за правда е припадник на етничките заедници, тогаш Собранието или Претседателот на државата или од редот на судиите кои што се избираат, процентот ќе биде запазен. Значи, основната работа која што не се почитува овде тоа, односно што се почитува овде, тоа е фактот дека нема принцип. Нема принцип врз основа на кој се бираат припадниците на помалите етнички заедници и нема принцип кој што претставува точна бројка, процент кој што би бил гаранција за нивна застапеност во судскиот совет. Затоа, се остава едно големо широко прашање за да може, зависно од моменталната ситуација, од тројцата членови на Судскиот совет кои што треба да ги избира Собранието, доколку ДУИ треба да гласа за нешто друго или ДПА за нешто трето, утре или задутре сите торјца да можат да бидат припадници на етничките заедници, заради политички договарања. Тоа е можно.

Втората работа, кој може да каже дека не може да се случи при изборот на претседателот на државата, впрочем тука имавме и едно излагање од господинот Тито Петковски кога кажа какви биле договарањата при изборот на господинот Црвенковски за претседател на државата во политичките пазарења, кој нема да каже дека доколку претседателот на државата биде избран и доколку се наполнат кутиите или доколку дуи или некоја друга албанска партија гласа за претседател, тој да предложи не само еден за кој што е за должен за Устав, туку двајца припадници на етничките заедници. Значи, имаме ситуаии во кои што можеме тројца од Собрание сите припадници на етнички заедници, двајца предложени од претседателот на д работодавецотжавата сите припадници на етнички заедници, тоа се пет и оние три, кои амандман сега беше одбиен што го поднесовме како пратеници од ВМРО Народна партија, тоа се девет или осум членови на судскиот совет. Ако тука ги додадам министерот за правда, а знаете господинот Ицет Мемети претходно Министерството за правда беше со претставник од етничките заедници, тоа значи девет члена на

Судскиот совет. Врховниот суд, претедателот, доколу се избере, тоа е 10, па дајте да внесеме овде одредби во кои што ќе се вгради процентуалната застапеност на Македонците во Судскиот совет и на тој начин да бидеме начисто. Се она што е друго нека се договара политички или на незнам каков друг начин или нека се внесе во законот, ако веќе се прифаќа тој принцип.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** А, ако се сите квалитетни, ќе ви смета тоа господине, ако се сите квалитетни тие девет или десет членови, ќе ви смета?

Бидејќи, нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници, гласале 53, 9 за амандмаот, нема воздржани и 44 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 за менување на став 6 на текстот на Предлогот на амандманот 28, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Нема пријавени за збор, го заклучувам претересот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници, 58 гласале, 7 за амандманот, нема воздржани, 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои Амандманот.

Отворам претрес по амандманот точка 1 став 6 на текстот на Предлогот на амандманот 28, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Ристана Лалчевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на Предлог на амандманот 28.

Отворам претрес по амандмаот на точка 1 за бришење на став 7 на текстот на Предлогот на амандманот 28, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на амандманот 28.

Отворам претрес по амандмаот на точка 1 за менување на став 7 на текстот на Предлогот на амандманот 28, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Ристана Лалчевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска:** Со оглед на тоа што го прифатив претходниот Амандман, овој веќе е неприфатлив и од тие причини ќе кажам дека не го прифаќам Амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Не е прифатен овој амандман поради процедурата.

Молам кој бара збор?

Госпоѓо Лалчевска, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе,

Јас, за жал, не ќе можам да го повлечам амандманот, иако е веќе и прифатен амандман со идентична содржина, бидејќи колешката Бонева не е присутна на денешната седница. Значи, неможно е јас сама тоа да го направам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи, не е присутна не може да протестира, па затоа повлечете го. Не може да протестира.

**Ристана Лалчевска:** Нема никаков проблем Собранието да си го изгласа амандманот, затоа што навистина не можам во име на колешката Бонева, бидејќи не е тука.

**Љупчо Јордановски:** Таа во Собранието треба да го одбие и бидејќи не сака да го повлече госпоѓа Ристана Лалчевска, го ставам амандманот на гласање и ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници во салата, 58 гласале, 4 гласале за амандманот, 1 гласал воздржан, 53 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Има и такви што иако е безправен гласаа за.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 став 8 на текстот на предлогот на амандманот 28 поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа, бидејќи кореспондира и со оние амандмани што Владата ги достави и што се веќе составен дел.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на Предлогот на амандманот 28.

Отворам претрес по амандмаот на точка 1 став 10, на текстот на Предлогот на амандманот 28, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска - Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, кој бара збор?

Господине Караџоски дали може тука да направиме пауза? (Може).

Правиме пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,00 часот).

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со расправа, односно претрес по амандманот на точка 1 став 10 на текстот на предлогот на амандманот 28, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Бидејќи амандманот не е прифатен, повелете господине Караџоски имате збор.

**Жарко Краџоски:** Благодарам претседателе.

Јас навистина морам да изразам жалење што овој амандман не е прифатен, иако не ја гледам логиката зошто не е прифатен.

Нашиот амандман се однесува на точка 1 став 10 на амандманот 28, каде што, она што значи услови и постапка за избор и именување, како и основите и постапката за престанок на функцијата и разрешување на член на Советот да се уредува со закон, нашиот предлог е тој закон да се донесува со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Сега, зошто нашиот предлог е токму овој закон да биде носен со 2/3 мнозинство? Тоа е од проста причина што сметаме дека овие уставни реформи што ги заговараме и ги носиме денес, во вид на овие амандмани, а се однесуваат за реформи во судството, односно правосудството, навистина се битен фактор за она што значи интегрирање на Република Македонија во Европската унија, битен фактор и основа за она што понатаму ќе следи.

Јас морам да истакнам дека реформите во правосудството очнуваат со уствните амандмани. Но, тука не завршуваат. Тоа на сите ни е добро познато.

Со уствните амандмани, поточно со овие амандмани кои сега ги носиме, ние го утврдуваме само правецот во кој треба да се одвиваат сите оние реформи кои ќе значат комплетна реформа во рамките на судската власт. Бидејќи ова прашање навистина е сериозно, како политички партии, независно позиција и опозиција, пристапивме кон оваа дебата по Уставот, со уставните амандмани каде сметам дека сите политички партии на некој начин дадовме одреден придонес за доаѓање до што подобар текст, до што подобри амандмани и токму тоа и резултира со она што денес го имаме како предлог-текст на амандманите, каде многу воочливо и многу јасно видливо е дека сите оние фази и првата и втората, нацрт-верзијата на овие амандмани, до доаѓањето на оваа трета, навистина претрпеа измени и тоа благодарение на тоа што и предлагачот е свесен дека овие амандмани се носат со 2/3 мнозинство. И не само поради тој политички консензус, туку и заради што поквалитетен зафат за да се дојде до квалитетна реформа.

Ако ние како пратеници или пратеничка група која е во опозиција, на некој начин преку наши амандани се трудевме да дојдеме или да дадеме свој придонес во утврдување на што подобар текст каде од одредбите од тој текст ќе бидат и јасно применлви, но ќе ги содржи и ставовите на сите политички субјекти, па и на пошироката јавност. И ако, благодарение на тоа што значи јавна расправа и сите оние фази кои ги поминавме овде во Собранието и оваа денешната за која расправаме, ако успеавме, а тоа сите добро го знаеме, значи ако успеавме како опозиција да ни бидат прифатени што амандмани по текстот на амандманите, што во претходните средби помеѓу политичките субјекти да дојдеме до одредени компромиси со кои сите страни на некој начин ќе бидат задоволени, со што сакаме да упатиме сигнал дека опозицијата, вклучително и ВМРО-Народна партија сака да учествува рамноправно, не заради нас како политики субјекти, туку и заради сите оние граѓани кои ни ја дале довербата, да учествуваме во комплетната реформа на првосудниот, односно судскиот систем. Оставањето можност на законите, како што и овој, законот за составот, изборот и именувањето на Судскиот совет. Знчи ако овој закон, законот за условите, начинот и постапката за избор и именување како и основање и престанок на функцијата и разрешување на член на Судскиот совет е не значаен закон, тогаш би било логично да се  носи со обично мнозинство. Но, јас сметам дека, бидејќи крупната реформа, можеби еден од насуштинските амандмани во пакетот на овие амандмани е токму составот, надлежноста и тн. на Судскиот совет и според тоа логично би било и прифатливо би било од сите страни, овој закон навистина да се носи со 2/3 мнозинство. Неслучајно овој амандман предизвика најголемо внимание заради тоа што се воведоа нови надлежности, нов состав, Бадинтерово правило, пропорционална застапеност и тн., се она што е содржано тука и ако сега ние како опозиција излеземе со тоа да

кажеме, па еве ние како опозиција сме задоволени од аспект на тоа што неколку амандмани се прифатени, меѓу кои и овој амандман. Еве да земам само еден пример претседателот на Врховниот суд не биде и претседател на Советот и ако тука на некој начин сме задоволени и можеме сега да дадеме согласност, да го прифатиме и овој амандман со гласање, но и сите на крајот во пакет, сега веднаш се отвора проблемот што ќе се случи, бидејќи целиот состав, целата надлежност на Судскиот совет ќе се утврдува со закон и ако во тој закон не најдеме простор истиот тој закон да се носи како и Уставот со 2/3 мнозинство, може да се случи, џабе ние прашина кревавме кога во законот може да влезе истата одредба која сега ја побивме со амандман заради тоа што овде на некого му се врзани рацете заради 2/3 мнозинство, но во законот нема да му бидат. Што ако се случи, со закон да се уреди односно да се предвиди претседателот на Врховниот суд да претседава и со Судскиот совет. Како после тоа ние да го правдаме, или тој што го предлага овој закон. Но што ќе се случи како ние како опоцизија можеме тоа да го спречиме. Значи немаме гаранција. Тоа е едната работа.

Втората работа, јас повторно ќе кажам, не бараме законот да се носи со 2/3 мнозинство за да оценуваме, за некого да го притискаме да прифати нешто што не треба да се прифати. Јас мислам, почитуван претседателе, почитувани колеги дека ВМРО-Народна партија во целиот овој процес на уставни реформи беше доста конструктивна и беше присутна во сите фази на носењето на овие уставни амандмани. Сигурно дека нема да биде пречка и 2/3 мнозинство, ако со овој амандман се утврди овој закон да се носи со 2/3 мнозинство. Јас разбирам дека кај одредени политички партии кои ја поддржуваат Владата постои некоја опасност дека на овој начин можеби некој ќе биде спречен одредени свои права да ги истурка преку овој закон, но само сакам да укажам дека овој закон нема да гоносиме само за овој состав на Парламентот, туку овој закон го носиме или овој уставен амандман го носиме да трае неограничено. Значи властите ќе се менуваат, ќе доаѓаат и ќе си одат, а ние треба да имаме квалитетен закон. Тие се причините од кои се водевме и поради кои овој амандман го поднесовме. Очигледно е дека ставот на Владата е таков каков што е, тој сигурно ќе предизвика изјаснување такво и на парламентарното мнозинство. И колку јас да зборувам сега овде и колку да се трудам нешто да објаснам, знам дека нема да вроди со ефект.

Јас само морам да истакнам една работа дека пратеничката група на ВМРО-Народна партија ќе биде до крај конструктивна, независно што, можеби и овој амандман поднесен на став 10, најверојатно нема да биде прифатен, ние ќе бидеме максимално конструктивни од проста причина што нема да бидеме фактор на кочење на некакви уставни реформи. Напротив, ние сакаме да се движиме во правец на реформите, а со оглед што тоа ни е првата скала од она што значи комплетни реформи, се надевам, еве тука е почитуваната министерка, се надевам дека ќе бидеме вклопени во оној дел кога овие закони ќе се носат, барем да имаме учество во креирањето на тие закони, независно дали ќе бидат со 2/3 мнозинство или не, сепак да имаме рамноправно учество при нивното предлагање и носење, како што сега се прави со законот за изборната регулатива.

Накратко тоа се причините поради кои сметам дека овој амандман треба да биде прифатен.

Не ми останува ништо друго освен да ги повикам пратениците да се изјаснат позитивно и да не стравуваат, до колку овој закон се носи со 2/3 мнозинство, дека нема да биде никогаш донесен.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Вие го кажавте ставот на ВМРО-Народна партија и затоа би ги замолил другите пратеници да бидат пократки, бидејќи сите кои се пријавиле за збор се од ВМР-Народна партија.

Повелете госпоѓо Којзеклиска имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Се надевам дека со некои од аргументите кои јас ќе ги кажам, а не ги кажа господинот Караџоски, ќе успеам да влијаам кај пратениците да го изгласаат амандманот поднесен од колегата Жарко Караџоски, а кој се однесува на условите и постапката за избор и именвување, како и основите и постапката за престанок на функцијата и разрешување на член на Советот, да се уредат со закон кој ќе се донесе со 2/3 мнозинство во Собранието. Значи и консензус од страна на политиките партии.

Сега логички се наметнува прашањето, почитуван претседателе, почитувани колеги, зошто ние всушност ги правиме овие уставни реформи. Значи според она што имавме прилика да го слушаме од првата фаза до денес е за да го издигнеме или да создадеме независност и самостојност на судството, како државен интерес од највисок ранг.Токму овој амандман е еден од столбовите на сите овие уставни измени. Но она што не го прифати министерот за правда дека составот или условите и постапката за избор и именување и за престанување на функцијата член на Советот да не биде со 2/3 мнозинство туку да се уредат со закон кој ќе се донесе со мнозинство гласови, сметам дека Министерството за правда во овој случај не постапи исправно и тоа од неколку причини.

Она што го кажав во расправата ќе го повторам сега, а тоа е, ако веќе Законот за државни службеници се донесува со 2/3 мнозинство, ако Законот за одбрана се донесува со 2/3 мнозинство, ако Законот за организација на државната управа се донесува со 2/3 мнозинство, утврдени со Уставот, ако Законот за локална самоуправа се донесува со 2/3 мнозинство, а велиме дека столб на целиот наш иден пат во

Европската унија се базира на независно и самостојно судство, од каде ќе произлезат идните кадри, идните судии кои ќе ги бира овој орган, Судскиот совет, не ја гледам основаноста на Министерството за правда да не го прифати овој амандман, а велиме дека тој е централната фигура или централниот амандман во реформата на судството.

Двотретинското мнозинство, почитувани колеги се бара за да не се донесуваат избрзани решенија, за да се има еден поширок консензус за идните движења на државата, сега зборуваме за државата а не за поединечни личности на министерства, претседатели на Врховен суд и тн. И сега ако тие решенија ги донесеме, како што инсистира Министерството за правда да бидат со обично мнозинство, а да не бидат со 2/3 мнозинство, пак ќе посочам на опасноста која може да се случи во колку имаме избрзани решенија. На крајот на краиштата овој Судски совет ќе ги постави темелите на сите идни кадри кои ќе ја носат целата тежина на идното судство во Република Македонија, ако воопшто сакаме да го реформираме. Затоа е неопходно потребно, почитувани колеги, овој закон да биде донесен зо 2/3 мнозинство. Од составот на Судскиот совет за кого имавме претходно амандмани и укажувавме дека одредени ставови од овој амандман или делови од ставови, не треба да постојат, да се бришат, ќе зависи иднината на судството во Република Македонија. Не знам колку пати тоа треба да се каже, иако претседателот вели дека господинот Караџоски ги искажал ставовите на пратеничката груипа ВМРО-Народна партија, сметам дека не се доволни и ќе треба сите идни дискутанти да го кажат своето мислење или да ги убедат, евентуално, колегите со аргументи за неопходно донесување на законот со кој ќе се уредат условите и постапката за избори и именување и разрешување на членови на Судскиот совет. Ова ќе го земам како паралела со оној амандман, почитуван претседателе, кој веќе помина. Тоа е амандманот 25 во кој како дел од корениината реформа која треба да ја направиме во правосудниот систем. Во тој амандман кој претходно го донесовме се вели дека видовите, надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и составот на судовите кои ги сочинуваат судии кои ќе ги избира Судскиот совет, како и постапката пред нив, се донесуваат со закон што се донесува со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници. Сега ние донесовме амандман во кој се вели дека со 2/3 мнозинство ќе се уредат видовите, постапката, основањето и укинувањето на судовите, а од друга страна оној орган кој треба да ги бира судиите кои ќе бидат составен дел на тие судови, бараме да биде донесен со обично мнозинство. Сметам дека не е во ред да правиме вакви неконзистентни решенија во уставните амандмани, посебно во овој амандман во кој се бара или за кој велиме дека е темелот на целата реформа. Од тие причини ќе апелирам до колегите пратеници во Собранието да го поддржат амандманот на колегата Жарко Караџоски и за да не дојдеме во ситуација, да не правиме реформи секои две години или секоја година затоа што од парламентарното мнозинство ќе зависи како ќе се уредат условите, постапката и начинот за избор и разрешување на член на Судскиот совет, со секое ново идно парламентарно мнозинство. Затоа уште еднаш апелирам колегите пратеници да го поддржат овој амандман и да докажат дека, еве тие ќе бидат барем конзистентни ако не Министерството за правда, во однос на амандманот 25 кој претходно беше усвоен. Бараме истото 2/3 мнозинство да биде и за составот на Судскиот совет.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски имате збор.

**Александар Флоровски:** Ќе бидам краток.

Реков дека нема да станувам, ме потсети претседателот, но има принципи во живеењето и во комуницирањето, затоа сме луѓе да се држиме до тие принципи.

Ако некои работи беа усогласени за да сето ова што е спакувано како амандмански промени, позицијата ги подржи, на тоа се повика и самата министерка и без опозицијата не може ништо апсолутно да ви помогне.

Ви се случува една чудна практика во Собранието, закони од многу битно значење ни проаѓаат со една третина од присутните пратеници. Што тоа значи? Имаме 61 пратеник во Собранието, од кои 40 ако гласаат за, законот поминува. Тоа е една третина од пратениците кои гласаат и носат вакви битни работи што денеска се на дневен ред.

Знам претседателе што е мнозинство, но од 61 присутен 40 ако гласаат за било кој предлог или амандман, кој проаѓа, а од вкупната бројка на пратеници претставува една третина. А, каде се останатите две третини?

Иако министерката апелира да дадем подршка на одредени законски решенија, во функција на подобрување

на работењето на судот и на судството, не гледам логика да не се прифати еден ваков амандман од ваков карактер, во ставот 10, кој гласи, продолжува "... Советот се уредува со закон што се донесува со двотретинско мнозинство од гласовите од вкупниот број на пратеници".

Сакам да го кажам следното, дека нашето излагање, нашите разговори овде беа разговор со глуви. Не се респектира буквално ништи од она што значи наша заложба. А вие очекувате од нас кооперативнсот. Еве, веднаш на старот можам да ви кажам нема да гласам за уставните решенија. Не е ова уцена. Ви го кажувам јавно ставот, затоа што се што е прифатено е прифатено шминката што буквално во сржта на законите не задира. Место Претседателот да именува, стои предлага. И, не знам, уште 2-3 решенија што се понудени и прифатени како амандмани.

Значи, непринципиелно, ако веќе има добра волја кај нас, ако постои кооперативност за да утре не не обвинувате дека опозицијата работи против интересите на Република Македонија. да не прифатите едно вакво решение?!

Сега има некои поинакви размислувања, претпоставувам од опозицијата, дека, до колку утре некој друг дојде на власт ќе биде многу тешко да ги промени. Затоа ќе бараме да бидат тие луѓе професионалци, експерти, партиски одалечени, така наречената еквидистанца од сите политички партии да има.

Јас сум да има вакво решение, затоа штоовој амандман претставува стожер на сите 12, 13, 15, колку амандмани се предложени од Министерството за правда. Барам, едноставно, јас лично, во сопствено име да го разгледате овој амандман со должни почитувања и да го прифатите, не дека нам ќе ни направите ќејф, туку затоа што така треба, затоа што се работи за битно прашање, за прашање што уредува и влегува во сегментите на третата власт, на судската власт.

Вашата не кооперативност ми говори само едно, а тоа е да ги сослушаме пратениците на опозицијата. Што ќе лаат ќе лаат, караванот врви, кучињата можат да си лаат, едноставно улога на лајачи, на куче е многу лошо да се биде во еден ваков Парламент, па и во поинаков. Затоа апелирам овој амандман прифатете го за доброто на она што денеска го имате предложено, на она што денеска го дискутираме и за доброто и иднината на македонското судство.

Ова, буквално, спаѓа во една многу комплексна сфера, така што да се носи со 40 гласови, мислам дека не држи вода. Овде, во најмала рака, двотретинско мнозинство треба да се стави. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Стојаноски, повелете.

**Блаже Стојаноски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Кога зборуваме за законското уредување на составите, изборот, именвуањето, условите, постапката за избор на членови на Судскиот совет, потоа постапката и основите за престанок, разрешувањето на член на Советот и настојувањето од страна на Владата сето тоа да може да се прави со закон што може да се донесе со обично мнозинство во овој Парламент, прво што ми паѓа на памет е Предлогот на закон што го добивме овде по промената на власта во 2002 година, а што се однесуваше на пензионирање на членовите на Судскиот совет, на тогашниот Републички судски совет. Тогаш, со закон се најде модус, начин како да се смени составот на Републичкиот судски совет и да се именуваат нови членови, што ќе бидат по волја на владеачкото мнозинство во Парламентот. Така, на страна и од уставните основи, услови што беа предвидени, на страна од потребите да се создаде вистински независно судство, да се влијае врз независноста и ефикасноста на судството, се донесе решение, во кое што по кратка постапка се заврши таа работа, се смениа членовите на Републичкиот судски совет тогашен и потоа, знаеме како течеше прикаската.

Таа прикаска продолжи со разрешување на одредени судии, дел поради политички причини, дел за да се покаже дека Републичкиот судски совет го притикса судството за негово ефикасно и независно работење, кобајаги, а дел со изборот на судии каде што имавме ситуации каде што и по три пати еден ист предлог од Републичкиот судски совет не беше прифатен од овој Парламент и остануваше тоа прашање отворено. А, во крајна линија, последици чувствуваа судовите во Република Македонија, односно граѓаните кои требаа да ги остваруваат своите права пред судовите во Република Македонија.

Сега, со Уставот, со овој Амандман што се предлага, се предлага условите за избор, значи кој може да биде член на Судскиот совет, сега како што се нарекува. Треба да бидат регулирани од страна на владеачкото мнозинство, со закон што овде треба да се изгласа со просто мнозинство. Јас немам доверба дека владеачкото мнозинство ќе води повеќе сметка за независноста и ефикасноста на судството, отколку за потребите што ги има извршната власт или владеачкото мнозинство во Парламентот, во контекст на одлуките што треба да се носат од страна на судската власт. А, целта ни е сосема обратна од ова што го кажав, а тоа е навистина на судството да му се остави еден простор, еден континуитет во работата со што тие нема да бидат ставени под една присила или под еден притисок да, да, во зависност од тоа кој е на власт или која власт доаѓа, така да се менуваат условите кој ќе биде член на овој судски совет, а да не заборавиме, од тоа кој ќе биде член на овој Судски совет понатаму зависи кој ќе биде судија, кој нема да биде судија, кој ќе биде разрешен од судија, кому ќе престане функцијата заради некои основи, кому ќе му се утврди дисциплинска одговорност, кому ќе се импутира или ќе се оцени дека несовесно ја вршел својата функција и т.н. и т.н.

Значи, боруваме за суштински прашања што преку овој Амандман треба да бидат преточени во идниот закон за Судски совет, како што ќе се нарекува, ќе видиме.

Понатаму, престанокот на функција член на Судскиот совет. Тоа треба да се регулира со закон што ќе зависи од парламентарното мнозинство. Тоа, можеби и не е толку страшно, колку што би можело да биде страшно, како опасност, разрешувањето на член на Советот. Сето она што го зборувавме, кој ќе биде член , на кој начин ќе се избира и т.н. и т.н. може да падне во вода ако се стават основи за разрешување што многу лесно може да се употребат за

дисциплинирање на судиите. Тоа треба да биде решено во овој закон, меѓутоа јас не можам да имам доверба дека било кое, не ова, било кое парламентарно мнозинство ќе има доблест, ќе има широчина да не води сметка за сопствените политички интереси во моментот, односно потребите на извршната власт, затоа што мнозинството од Парламентот ја гласа Владата и на тој начин, постојано да имаме промени во однос на составот на Судскиот совет, во однос на разрешувањето на членовите на Судскиот совет, на изборот евентуално, затоа што знаеме дека и самиот избор треба да биде регулиран со овој закон.

Затоа, кога зборуваме за Амандманот 28 на Уставот на Република Македонија, неминовно прво што ми паѓа во очи , 8 членови на Советот изибраат судовите од своите редови.  Толку. Кои се тие сутии кои ќе можат да бидат избрани? На кој начин тие ќе можат да бидат избрани? Кои ќе бидат условите што треба да ги исполнат тие судии за да може да бидат бирани? Дали тоа со овој закон што треба понатаму да се донесе, ќе биде направено на начин според кој ќе се гарантира независноста на овој орган и неговата самостојнсот во однос на законодавната и извршната власт или пак ќе се постигне нешто што е сосема спротивно на тоа, а тоа е, на пример, што може да се случи: Може да се случи во тој закон да стои, тука дискутиравме за претседателот на Врховниот суд, како можност да биде претседател на Судскиот совет или да не биде претседател на Судскиот совет, потоа можноста од редот на своите членови Судскиот совет да може да го избира својот претседател и т.н. и т.н.

Сите тие прашања се едни од прашањата  што треба да се решат  со овој закон. Значи, тогаш, до колку се создаде некоја политичка атмосфера или политички договор, многу лесно ќе може и претседателот на Врховнио тсуд, независно од аргументите, да биде претседател на Судскиот совет и ќе може да биде, исто така, до колку стои во идниот закон, не знам, претседателите на апелационите судови да бидат членови по функција на Судскиот совет, со тоа што тие би ги претставувале апелационите судови, потоа претседателите или членови што ќе бидат именвуани од претседателите или од стручниот колегиум, како што сега имаме можност да слушнеме, предлага еден човек кој ќе треба да биде претставник на судиите. И, во тој случај, ќе биде остварено одредбата што стои овде дека 8 членови на Советот ги избираат судиите од своите редови. Затоа што тие се од тие редови.

Меѓутоа, фактот дека судиите треба да имаат и доверба во оние кои ќе ги претставуваат во Судскиот совет мислам дека е основен факт што треба да се почитува, да се имплементира, да се внесе во идниот закон.

А јас, тука, пред македонската јавност сум сигурен дека тоа може да се направи само ако овој закон се носи со двотретинско мнозинство, ако ништо друго, заради потребата од усогласување по однос на тие прашања од страна на сите политички фактори во овој Парламент. До колку не е така, тогаш имаме една пракса што, јас не гледам причини истиот состав на Парламентот, истата валст носи закон за разрешување на поранешните членови на Републичкиот судски совет, сега новиот закон ќе го направи многу подобар, што ќе обезбедил независност, самостојност, ефикасност на судството, а ќе ја тргнел на страна потребата на извршната власт од влијание на оваа област. Не можам да покажам воопшто доверба дека тоа може да се случи.

Затоа сметам дека на мала врата, со можноста за промена на составот на Советот со секоја нова власт се овозможува или се оневозможува нормална работа на Судскиот совет.

По однос на овој закон и на Законот за судови, знаеме дека ќе се носи со двотретинско мнозинство, каде што се определува организацијата, видот и т.н. и т.н., надлежноста на судовите и на тој начин се обезбедува постојаност во нивното функционирање. А овде, ако видите во наредниот амандман, каде што стои надлежноста на Судскиот совет, односно што се треба да работи Судскиот совет, еве само за ваше сознание што треба да регулира идниот закон: на кој начин, кажав за условите, постапката, основите за разрешување и престанок на функцијата на членовите на Судскиот совет, меѓутоа покрај тоа што се доведува во опасност со можноста, со секоја промена на власта да бидат менувани овие услови, постапки и т.н.: во однос на изборот и разрешувањето на судиите, во однос на разрешувањето на претседателите на судовите, во однос на оценката на работата на судиите , во однос на утврдување на дисциплинската одговорност на судиите, одземање на имунитетот на судиите, потоа по однос на предлозите што треба да се даваат за судии на Уставниот суд на Република Македонија и сите други работи што како други работи се тука неведени, што треба да бидат утврдени во тој закон, претставуваат навистина оној суштински, главен дел што треба да биде цел на сите овие активности што ги правеше и Владата и Парламентот и преку јавната расправа доаѓаа како предлози за создавање на ефикасно и независно судство.

На овој начин, на овој начин пак ќе повторам, на мала врата, со овозможување на најбитните работи за функционирањето на Советот, за обезбедувањето на таа независност да одлучува 61 глас во овој Парламент, што ја подржуваат извршната власт, односно Владата, дефинитивно ние не можеме да зборуваме за судствокако трета власт, туку ќе зборуваме за судство што ќе биде во зависност од овој закон што сега се носи со просто мнозинство.

Од тие причини, сметам дека независно од стравувањата дека на овој начин ќе се блокирале

понатаму реформите во правосудството, затоа што со закони што се носат со двотретинско мнозинство, а само да потсетам дека тоа е можно да се направи, а тоа ќе го видиме во однос на Јавното обвинитеслтво, тоа е во однос на Законот за судовите, како што кажав, дефинитивно значи дека двотретинското мнозинство треба да биде пракса што треба да се почитува од овој Парламент. До колку не биде така, до колку не биде посебно така за овој дел, за Судскиот совет, тоа ќе значи дека вие ќе имате вид организација,надлежност на судовите со двотретинско мнозинство, ќе имате, можеби, Јавно обвинителство дефинирано преку своите функции, начин на избори и т.н.со двотретинско мнозинство, меѓутоа она што е суштинско, оној кој ги спроведува тие активности се бира, односно законот што се однесува на тоа тело се донесува со обично мнозинство.

Сето тоа зборува само за едно, а тоа е дека до сега, оваа власт, ако сакаше да направи вистински реформи во судството, немаше да се задржи само на легислативата, немаше да се задржи само на уставните измени, за кои што денеска дискутираме, туку низ практични примери, преку изборот, преку подобрување на состојбата на судовите во Република Македонија, преку намалување на политичкото влијание врз судовите, ќе направеше прв и оснвен чекор за да се покаже дека власта има волја, реална, вистинска волја за целосни реформи во судството.

Преку овие амандмани се покажа дека во однос на легислативата се прават обиди да се покаже некаква волја во овој правец, меѓутоа, со неприфаќањето на амандманот со двотретинско мнозинство да се решава за вакви суштински прашања, сметам дека дополнително се покажува недостатокот од волја од власта за целосни реформи за судството во Република Македонија.

Тоа е она што сакав да гокажам. Сметам дека и понатаму не е само овој закон за кој што сега зборувам, има многу закони што треба да се донесат и од кои што ќе зависат вкупните реформи во судството во Република Македонија.

Тука низ практични примери, преку вистинско консултирање на стручната јавност, пред се, на судската фела, потоа со усогласување на политичките прашања помеѓу сите политички субјекти во Република Македонија, посебно оние застапени во Собранието на Република Македонија, ние ќе можеме да дојдеме до некаков резултат кој што ќе значи отпочнување на процесот на создавање на доверба во судството од страна на граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Стојановски.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани колеги и овој амандман на став 10, кој што е еден од клучните во амандманот 28, мислам со самото одбивање, доаѓаме во една ситуација се ова што досега го говоревме да падне во вода. Зошто го велам тоа? Затоа што ставот 10 од овој амандман 28 кажува за условите и постапката за избор, како и условите и постапката за престанок на функцијата и разрешување на член на Советот кои се уредуваат со закон. Тој закон можат да го донесат 41 пратеник од ова Собрание и тука апсолутно, не станува збор за нешто што утре ќе биде реалност, ќе биде сознание и ќе биде волја на пратеничките групи во законодавниот дом во Собранието на Република Македонија.

Во овие услови, за бирање, видовме дека претходно поголем дел од тие услови веќе се зададени, значи во три става претходни од 8 члена, три члена треба да бидат членови на припадници на заедниците. Од тројца членови на Советот исто се бира со мнозинство на гласови. Од двајца членови на Советот ги именува претседателот на Република Македонија и сето тоа е во услови каде што може да се бира. Кога вие сега ќе стигнете во разрешување со 41 пратеник, било кого од назначените да можете да го смените, со што ние за какви реформи говориме дека извршната власт и законодавната власт ја тргнуваме од она што значи Судски совет и судското тело кое што треба да раководи со судството во Република Македонија. Апсолутно, со ова тоа не го прифаќаме и вака како што го дадовте, со тоа што не го прифативте овој амандман, мислам дека правите огромна грешка и повторно ќе дојдеме во ситуација, токму овој став од членот 28 од овој амандман, вие да го менувате многу брзо, затоа што вакviот начин, сигурно некоја наредна власт може да го користи, да го злоупотреби и да стигнеме во ситуација, повторно тогаш некој како опозиција да ни држи предавања дека во тој момент бил принуден да донесе некој закон, но сега ќе биде против него и ќе бара со сите сили двотретинско мнозинство за донесување на било каков системски закон. Тука, апсолутно сите треба да бидеме единствени дека двотретинското мнозинство е тоа што ќе донесе независност. Затоа што овој начин со 41 пратеник било кој закон во ова Собрание досега поминало, а сега веруваме за нешто ново дека правиме амандмани и промена во судската власт. Ако овој амандман не се прифати, мислам дека се што претходно говоревме паѓа во вода и незнам сега како господата од ДУИ ова го прифаќаат, или можеби мислат дека наредниот пат ќе имаат 41 пратеник, па тие ќе бидат тие што ќе бираат и разрешуваат. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(со седницата продолжува да претседава господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието.)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Имаме доволно за кворум за гласање.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеника, 15 за амандманот, 1 воздржан, 53 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 став 10 на текстот на предлогот на амандманот 28, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Ристана Лалчевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Ѓорѓиевска-Младеновска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Китановски.

**Илија Китановски:** Благодарам господине претседателе. Амандманот во суштина е многу сличен со претходниот, односно во суштина се предлага законот за Судски совет се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници. Бидејќи овој амандман е на опозицијата и поддржан буквално од целокупната опозиција, мислам дека партиите од владеачкото мнозинство имаат една мошне поволна ситуација и можност да прифатат амандман кој што гарантира навистина поголема независност на Судскиот совет и на судството воопшто, бидејќи самиот начин на донесување на законот со двотретинско мнозинство бара паралелен концензус, неодреден, туку еден поволен концензус помеѓу владејачките и опозиционите партии и со тоа автоматски многу помалку влијание на политиката, посебно на владеачките партии во судството и во судскиот систем и практично е во функција на целта, заради која што и се поднесени сите овие амандмани, кои повеќе, кои помалку, мислам на амандманите на Уставот предложени од Владата, затоа што не се сите со подеднаква тежина и со подеднакво влијание во правец на гарантирање на независност на судството, а овој амандман 28 кој го регулира работењето на Судскиот совет, посебно амандманот 5 од Силвана Бонева и Ристана Лалчевска и претходно Жарко Караџоски дека генерално ја одразува суштината на реформите. Ако во овој момент не се прифати навистина, од страна на пратениците од владејачките партии, значи буквално дури тогаш можеме да констатираме дека уставните измени буквално се сведуваат само на шминка, се сведуваат на некои измени кои што се помалку битни и кои што суштински нема во ништо да го подобрат и функционирањето и независноста на третата власт, на судската власт во Република Македонија.

Затоа сметам дека навистина, овој амандман треба да биде прифатен од страна на пратениците од владеачките партии, затоа што власта во демократските земји не е вечна, владеачките партии се менуваат и не е добро, бидејќи, ќе може да биде донесен, како што и претходните говорници кажаа со едно просто мнозинство од 41 пратеник, не е добро целокупната реформа на судскиот систем и целокупната реформа на Уставот да ја сведиме на еден закон, најбитниот закон, кој што ќе се носи со 41 пратенички глас. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Лалчевска, имате збор, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе, ќе кажам само два-три збора околу предложениот амандман, иако е јасно дека ниту Владата, ниту парламентарното мнозинство нема да даде поддршка за амандманот, бидејќи тој е скоро идентичен, односно постигнува идентична цел, каква што имаше и претходниот амандман.

Овој амандман го предложивме од една проста причина што сакавме да обезбедиме стабилен Судски совет, а тоа ќе го сторевме, ако законот за Судскиот совет се носеше со двотретинско мнозинство, односно кога ќе имаше вредност ставовите и решенијата во законот претходно добро да се испеглаат и се издебатираат во Парламентот со едно такво високо мнозинство да се донесат, за да се овозможи стабилност на Судскиот совет, а со тоа и стабилност на целата судска власт. Зошто ова го велам? За волја на вистината Судскиот совет не е власт, не значи судска власт, меѓутоа, треба да биде едно независно тело, кое што независно ќе одлучува за еден многу важен сегмент, а тоа е изборот и разрешувањето на судиите. Благодарам.

Водени од тоа, предложивме амандман со кој Судскиот совет односно законот за Судскиот совет ќе се носи со двотретинско мнозинство, а логично наследствието дека и законот за судови, значи организации и т.н. се носи со двотретинско мнозинство. За жал, очигледно дека немаше досега поддршка и сега можеби парламентарното мнозинство ќе се предомисли и во последен момент ќе се изгласа овој амандман, за да обезбедиме навистина, независно стабилно судство, а рефлектирано преку носењето на законот за Судскиот совет. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Крстевски повелете.

**Зоран Крстевски:** Мислам дека за овој амандман на опозицијата, Владата требаше да направи компромис. Сегашното решение во Уставот за избирање на членовите во Судскиот совет да биде со апсолутно мнозинство, барем можеше да се пренесе како компромис што Владата можеше да го понуди на оваа расправа и мислам дека многу погреши. Незнам, и самата пасивност во дискусијата околу аргументите што опозицијата ги

понуди, очигледно, не се доволен мотив да се направи компромис. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Присутни сме 70 пратеника.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

69 пратеника гласале, 15 за амандманот, нема воздржани, 54 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претресот по текстот на предлогот на амандманот 28 од Уставот на Република Македонија.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавено за збор го заклучувам претресот по текстот по предлогот на амандманот 28 на Уставот на Република Македонија и ве потсетувам дека предлогот на амандманот Собранието го утврдува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Уште еднаш ве потсетувам дека предлогот на амандманите Собранието ги утврдува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Преминуваме на гласање.

Текстот на предлогот на амандманот 28 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 78 пратеника од кои 69 за, 3 воздржани, 6 против.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Предлогот на амандманот 28 на Уставот на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Преминуваме на утврдување на Предлогот на Амандманот 29 на Уставот на Република Македонија.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор.

Повелете господине Вејсели.

**Абдулади Вејсели:** Почитуван претседателе, почитувана госпоѓо министер, почитувани колешки и колеги пратеници,

Сакам да говорам за Амандманот 29 за да кажам нешто околу нашиот амандман кој сме го поднеле како ПДП кој е во однос на ставот 2. Треба да го кажам тоа дека со овие измени кои се предлагаат се прави целосно редефинирање на судскиот и правосудниот систем во целина. Мислам дека предлагачот многу малку направи околу организирање на поширока расправа, а можам слободно да кажам дека многу малку ги има прифатено сугестиите кои ги дадоа политичките здруженија, неполитичките здруженија, разни стручњаци, специјалисти од областа на правосудството итн. Значи, нашите забелешки, а посебно ќе се сконцентрирам на забелешките кои ги искажа ПДП околу уставните измени, посебно ќе го спомнам нашиот предлог за претседателот на Парламентот и државниот обвинител кој е по овој амандман за расправа со што уште еднаш предложивме да дојде до израз Бадинтеровиот принцип, но оваа работа не ја гледаме со овие уставни измени кои се предлагаат од страна на предлагачот и еве денеска се носат во Парламентот на Република Македонија.

Мислам дека со предложените измени кои се вршат денеска се стеснува влијанието на механизмот на консензуалната демократија т.н. Бадинтеров механизам познат за сите нас. Со предложените закони и со овој Амандман 29 како и со претходните амандмани од уставните одредби доаѓа во законска одредба Бадинтеровиот принцип.

Според ПДП ова прашање треба да дојде до уставна категорија и никако да се намали во законска категорија така како се предлага за државниот судски совет. Се предлага изготвување на закон кој до 30 јуни ќе се донесе на Судскиот совет и за избор на судиите во целина. Мислам дека оваа парламентарна гарнитура ќе остане со овој Судски совет што е актуелен затоа што еден или два месеци пред изборите тешко е да се донесат закони во овој Парламент и мислам дека оваа коалиција ќе го искористи овој простор за да ги исполни судовите со судии партиски обоени, а на другиот мандат ќе му остане да донесе закон и да почне да се реформираат судовите. Гледам дека и натаму не сме сериозни во реформирањето кое треба да се направи во судството на Република Македонија, туку правиме измени и дополнувања колку да им кажеме на другите или на Меѓународната заедница или на Европската Унија и другите кои се заинтересирани за реформите во Република Македонија дека ние почнавме со реформи, но уставните измени не се случуваат секојдневно.

Ќе направам еден осврт на едно друго прашање на кое малку му се даде значење, а го предложивме како ПДП, а тоа е дека ПДП во своите предлози кои ги сугерираше, а и денеска сугерираме на оваа парламентарна седница преку двојно гласање да се направи избор на судските органи така како што се употребува двојнот гласање во Парламентот. Истото треба да најде место и во судството, но и во извршната власт или во Владата.

Бадентеровото мнозинство наоѓа поддршка во овој Парламент, но нема да најде употреба во Судскиот совет кој ќе биде независен орган, кој ќе има мнозинство на членови од страна на судиите, дел од Парламентот предложени од претседателот на државата кои ќе му дадат виза на Парламентот. . .

**Љупчо Јордановски:** Вие не бевте тука кога се дискутираше за претходниот амандман, но претпоставувам дека и вие го користевте правото

на дигресии, првата дигресија ви заврши. Повелете.

**Абдуладиi Вејсели:** Сепак говорам во однос на амандманот 29 за избор на судиите, судиите поротници и претседателите на судовите.

Уште еднаш ќе повторам поради прекинот што ми се направи од страна на претседателот на Парламентот дека механизмот на консенсуалната демократија изнаоѓа употреба во Парламентот на Република Македонија, меѓутоа, со овој Предлог кој го дава Владата на Република Македонија принципот на Бадентер не наоѓа употреба во судските органи и уште еднаш да нагласам дека не наоѓа употреба и во Владата на Република Македонија.

Ние треба од денеска па во иднина овој принцип на Бадентер да не го почитува само Парламентот во определени сегменти, туку треба да го почитува и судството, треба да го почитува и Владата. Сега ќе се повикам на вториот став од Предлог амандманот кој е предложен од страна на Владата каде се вели дека во текот на изборот на судиите, судиите поротници и претседателите на судовите Судскиот совет на Република Македонија ќе одлучи со мнозинство на општиот број на Советот и со мнозинството членови на Советот од припадници на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија. Сега јас ќе ве запрашам каде е гаранцијата и кои се загарантираните механизмии кои ќе гарантираат дека од страна на Судскиот совет ќе се изберат судии албанци. Ако го имате ова предвид и општото формулирање кое вели правична и соодветна застапеност тоа не е контролирачки механизам кој ќе може да го има предвид Судскиот совет при изборот на судиите, судии поротници и претседатели на судови.

Со оваа формулација која е изразена на овој начин во овој амандман сме го имале во употреба до ден денешен и често пати не е утврден потребниот број на албанци и на др. во соодветните институции и секогаш се изнаоѓало оправдани дека албанците немаат кадри, дека овој пат не се јави никој итн. Доколку во Судскиот совет ќе биде принципот на Бадентер тој што ќе одлучува при изборот на судиите, судии поротници и претседатели на судови, тогаш секако дека ќе се има предвид, бидејќи овој механизам не е механизам кој е контролирачки и нема да дозволи на мнозинството да избере судии доколку не е соодветно учеството и правично на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија во институција која се нарекува Судски совет.

Затоа оваа формулација за која имаше расправа за правичната и соодветна застапеност од страна на пратениците Македонци од опозицијата, мислам дека општа формулација не го утврдува реалниот број или реалната слика на оваа институција дека во оваа институција во иднина ќе произлегуваат реални предлози кои ќе го одразат населението кое живее во Република Македонија.

Вие знаете дека имаме разни случаеви и примери за кои можеме да кажеме дека на овој начин сме имале многу пропусти. Мислам дека тоа треба да го кажеме и од оваа говорница дека доколку сакаме да го заокружиме моделот на консензуално функционирање во унитарна држава со мултиетничка структура како што е Република Македонија, ова ќе биде најдобрата гаранција за политичка стабилност на институциите и ефикасност во нивното функционирање.

Значи, ова е тоа што освен општиот број или од општиот број освен гласањето со мнозинство од општиот број на членови на Судскиот совет тука треба да има и број на мнозинство на членови кои не припаѓаат на заедницата која е мнозинство во тој Совет, туку на другите етнички заедници што не се мнозинство во Република Македонија. Тогаш ќе кажеме дека и во судството функционира принципот на Бадентер. Доколку ова не се направи бидете сигурни дека и понатаму ќе продолжиме со старата песна во која ќе се избираат судии, судии поротници, претседатели на судови и нема да се има предвид реалноста, нема да се има предвид мултиетничката реалност на граѓаните на Република Македонија. Ќе дојдеме во ситуација така како што се правело и досега да се прави во иднина кога секогаш ќе се изнајде алиби бидејќи нема професионалци, нема кадри кои се јавиле на конкрус, нема кадри кои можат да се соочат со овие задачи, немате конкуренција за да се реализира онаа единствена идеја што ја имаат во главите.

Да се блокира и да се има гаранција треба да се блокира работата на Советот за да не можат да предлагаат и изберат судии само од една етничка заедница и припадност, туку треба да се одрази реалноста. Мултиетничката реалност во Република Македонија треба задолжително, освен мнозинството од општиот број, да гласаат и мнозинството од етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија.

Уште еднаш ќе повторам, доколку не се случи ова тогаш не сме направиле ништо со изборот на судиите, судии поротници и претседатели на судови.

Исто така ова ќе важи и за следниот амандман, за изборот на јавниот обвинител, секако таму имаме и друг предлог со амандманите кои сме ги предложиле, но доколку ми дозволи претседателот да направам една дигресија, на крај ќе кажам господине претседател денеска го имаме амандманот за претседателот на Парламентот и повторно сакам да ја поттикнам оваа иницијатива во Парламентот на Република Македонија дека ние како ПДП предложивме и во средбите со премиерот и во средбите во други форми каде учествува ПДП и претседателот на Парламентот да се избере со Бадинтеровиот принцип од причина што во Македонија има 3 клучни функции тоа е претседателот на државата, претседателот на Владата и претседателот на

Парламентот. Ова е реалноста која треба да се случи во Република Македонија една од овие три клучни функции треба да припадне на албанската етничка заедница на Република Македонија.

Бидејќи претседателот на државата се избира на непосредни избори немаме можност да имаме претседател, доколку премиерот произлезе од најголемата партија која добила на изборите и секогаш тоа ќе биде од македонските политички партии затоа што се мнозинство во Република Македонија и тој не може да биде албанец, тогаш единствена институција во која можеме да имаме албанец од овие 3 клучни институции е институцијата претседател на Парламентот.

Затоа мислам дека ова не беше земено во предвид од страна на предлагачот, но во иднина ова ќе биде реалност и треба да се има предвид да се работи во овој правец една од клучните функции да биде од редовите на албанците. Тоа ќе биде добро и за Македонија, тоа што го спомнав малку порано, како унитарна држава, меѓутоа, со еден систем на консенсуална демократија и со едно мултиетничко одразување и рефлектирање да покажеме пред светот дека во Македонија живеат многу етникуми, дека е мултиетничка држава, мултикултурна држава и таа се застапува во надворешниот свет преку овие функции од кои едната ќе биде албанска. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Бејсели.

Господине Китаноски имате збор.

**Илија Китаноски:** Што се однесува до Амандманот 29 сметам дека недостига една битна одредба, бидејќи тој амандман ја третира надлежноста и функционирањето на Судскиот совет, а тоа е начинот на кој Судскиот совет ќе ги донесува одлуките и мислам дека таа одредба треба да биде внесена и во интерес на ефикасна процедура и без дополнителни комплицирања на еден орган кој е стручен треба овие одлуки да се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Судскиот совет.

Меѓутоа, во точката 1 и во ставовите што следуваат по точката 1 има доста непрецизности, спротивставености и многу несреќни или несоодветни формулации кои се неприфатливи и нивното толкување во било која најдобро намерна интерпретација означува дека со некое од тие решенија каде се набројуваат надлежностите и начинот на работа на Судскиот совет се нудат ретроградни решенија.

Првата забелешка е на точката 1 став 4 каде вели дека Судскиот совет на Република Македонија ја следи и оценува работата на судиите. Со ваква формулација се нуди едно крајно ретроградно решение кое во суштина ја уништува независноста на судската власт и независнота на судиите. Еве зошто.

Право е на секој судија сам по свое сваќање да ги оцени фактите и сам по свое сваќање, разбирање и толкување да ја примени општата правна норма на секој конкретен случај. Ова право на судијата е секогаш јасно утврдено со сите меѓународни акти што се однесуваат на судството и судиите, како што е утврдено и со нашиот Устав во членот 98.

Никој нема овластување во демократска земја во која судството е независно да ја оценува работата на судиите, па ни Судскиот совет освен во инстанциона постапка од повисоките судови кои ги оценуваат одлуките донесени од судиите. Значи, нема поголемо загрозување на независноста на судиите од тоа работата на судијата да биде следена и оценувана од Судскиот совет онака како што се разбира и како што се толкува овој став.

Судскиот совет може и треба да ја оценува стручноста и нестручноста, совесноста и несовесноста на судијата, но никако не може ниту има право, ниту може да има уставно овластување што овде му се дава во една демократска држава да ја оценува работата на судиите.

Исто така со овој амандман е туврдено дека Советот одлучува за дисциплинската одговорност за судиите при состојба кога Собранието веќе не одлучува за разрешување поради дисциплинска одговорност, останува не решено прашањето за правото на судијата на жалба против одлуката на Советот за разрешување поради дисциплинска повреда односно за можноста за двостепеност. Единствено на судиите ќе им биде ускратена при можна варијанта на нивно разрешување.

Исто така одредена спротивставеност помеѓу овој уставен амандман и одредби на Уставот кои не се допираат со уставните амандмани се и решенијата што се однесуваат на избор на уставни судии односно на надлежноста на Советот да предлага двајца судии на Уставниот суд на Република Македонија од редот на судиите. Меѓутоа, според став 4 од членот 109 од Уставот судиите на Уставниот суд се избираат од редот на истакнати правници. Ако вака остане непрецизно, Судскиот совет при предлагањето не ќе знае по кој член од Уставот дали по овој амандман или по став 4 од членот 109 да ги предлага кандидатите за судии во Уставниот суд.

Ставот 2 од точката 1 од овој амандман сакајќи повторно да ја потенцира, ми се чини во овој случај сосема непотребно, соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници вели дека при изборот на судиите, судиите поротници, тоа е во ред.

Меѓутоа вели дека и при изборот на претседателите на судовите ќе се запази соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припѓаат на сите заедници. А се избира еден човек, една личност на еден суд. На кој начин ќе се овозможи соодветна и правична застапеност кога бирате еден човек. Тој ќе биде или припадник на една заедница, или припадник на друга, или на трета, не може да биде на сите. И по кој критериум ќе се определи, мислам дека ваа

обврска што е дадена во овој став малку е небулозна и неразбирлива и воопшто неприменлива во пракса или пак можеби се смета дека ќе се воспостави некој режим на сразмер на избор на судии, на претседатели на судови во различни судови. Ако е тоа така, тогаш повторно сосема е неприменливо, затоа што се однесува на избор на претседател. Денес имаме на дневен ред избор на претседател на суд во Охрид и тој ќе биде еден. Каде тука и на кој начин ќе утврдите правичната застапеност на заедниците кога е еден човек. Од овие причини имам поднесено амандман во однос на овој амандман, во однос на она што воопшто не е во него опфатено, а тоа е начинот на донесување на одлуките на Судскиот совет. Меѓутоа, за тоа повеќе кога ќе дојде амандманот на ред. Сметам дека овие забелешки кои што ги истакнав навистина треба во најмала рака треба да добијат едно сериозно разјаснување.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на амандманот 29 на Уставот на Република Македонија.

Пратеникот Жарко Караџоски поднесе амандман на точка 1 за бришење на став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани поднесоа амандман на точка 1 за менување на став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Силвана Болева, Ристана Лалчевска и Ефтим Манев поднесоа амандман на точка 1 за додавање нов став 3 по ставот 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 за бришење на став 2 на текстот на предлогот на амандманот 29 поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор.

Има збор Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Само кратко претседателе. Овој амандман е исто така за делот на соодветната и правична застапеност. Значи, сето она објаснување што го кажував и претходно мислам дека прашањето со соодветната и правична застапеност е апсолвирано со амандманот 6, сега и со амандманот 28, еве сега и во 29 и навистина Уставот го направивме шаренило од примена на овој принцип. Од тие причини јас сметам дека нема потреба од стоење на овој текст на ставот 2 и заради тоа барам да се брише.

**Љупчо Јордановски:** Не ве разбрав, го повлекувате, или не?

**Жарко Караџоски:** Не.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 49 пратеника, 3 гласале за, нема воздржани, 46 против.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Го поништувам гласањето, не е важечко, бидејќи немавме кворум.

Значи, повторно амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 65 пратеници, 6 гласале за, 1 воздржан, 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 за менување на став 2 на текстот на Предлогот на амандманот 29 поднесен од пратениците Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор. Никој.

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 пратеника, 57 гласале, 2 за амандманот, 3 воздржани, 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на точка 1 за додавање нов став 3 по ставот 2 на текстот на Предлогот на амандманот 29, поднесен од пратениците Силвана Бонева, Ристана Лалчевска и Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор.

Господине Рамадани имате збор.

**Исмет Рамадани:** Барав збор за мојот амандман.

**Љупчо Јордановски:** Заврши вашиот амандман, не се пријавивте на време.

Има збор Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине претседателе, ќе бидам краток бидејќи во претходната дискусија практично го најавив овој амандман кој што е поднесен од колешките Силвана Бонева, Ристана Лалчевска и колегата Ефтим Манев. Едно кратко образложение. Амандманот се поднесува со цел да се регулира начинот на работа на Судскиот совет и да се обезбеди демократска процедура при носење на одлуките на Судскиот совет без да се остави простор од евентуална идна интервенција со закон да се вметне некој друг тип на носење на одлуки кои дополнително и непотребно би ја искомплицирале процедурате при избор на судии на едно стручно тело кое што треба да работи стручно и ефикасно.

**Љупчо Јордановски:** Има збор госпоѓа Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе.

Начинот на кој ќе одлучува Судскиот совет секако дека треба да биде регулиран, односно типот на мнозинство со кој ќе се гласаат одлуките во Судскиот совет, затоа што Судскиот совет помеѓу другото ќе одлучува за избор и за разрешување на судиите. Вака оставено одлуките ќе се носат со обично мнозинство што математички би било од 8 кворум, значи 5 гласа ќе одлучат дали некој од судиите ќе биде разрешен, или кој од судиите ќе биде именуван. Тоа навистина е мало мнозинство и недостојно за една функција каква што е судската функција. Потребата од поголемо мнозинство е евидентна и цениме дека е сосема во ред и коректно Судскиот совет да ги носи одлуките со мнозинство од вкупниот број на членови на Советот. Зошто не се прифати амандманот, не можам да ценам, предлагачот не објасни, иако можеби ќе посочи дека е материја која ќе се регулира во закон. Меѓутоа, со оглед на тоа што не помина решението законот за Судски совет да се носи со двотретинско мнозинство. И сега е оставен простор со обично мнозинство законот да се донесе и да се вметне поинаков тип, односно да се манипулира со мнозинството со кое Судскиот совет ќе ги носи одлуките, а пред се одлуките кои ќе се однесуваат на разрешување и на именување на судиите. Затоа го повикувам парламентарното мнозинство да го изгласа амандманот кој ќе обезбеди навистина пристоен начин на избор и разрешување на судиите со мнозинство од вкупниот број на Судскиот совет.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

64 пратеници гласале, 11 гласале за, нема воздржани, 53 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на амандманот 29 од Уставот на Република Македонија.

Дали некој бара збор.

Има збор господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе, почитувана министерке. Јас би се задржал само на точка 1 и тоа алинеа 1, ги избира и разрешува судиите и судиите поротници. Во овие три години многу често Собранието тука одлучуваше за изборот на овие судии поротници и после тоа барем повеќе од 20% од нив самите се откажуваа или беа бирани во два судови, или незнам уште какви не ситуации доаѓаа овде. Затоа би ве замолил доколку постои можност со законско решение да се најде начин изборот на судиите поротници барем да има некој критериум по кој што ќе работи Судскиот совет на Република Македонија. Затоа што нашето искуство како пратеници во Собранието, изборот на овие судии поротници мислам дека беше крајно деструктивен.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на амандманот 29 на Уставот на Република Македонија.

Ве потсетувам дека Предлогот на амандманот Собранието го утврдува со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Ги замолувам сите пратеници кои што се во Клубот или во ходниците, да влезат во салата.

Преминуваме на гласање за утврдување на Предлогот на амандманот 29 на Уставот на Република Македонија.

Текстот на Предлогот на амандманот 29 на Уставот на Република Македонија го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

73 пратеника гласале, 68 за, 3 воздржани, 2 против.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го утврди Предлогот на амандманот 29 на Уставот на Република Македонија.

Почитувани пратеници, објавувам пауза од половина час.

(пауза од 16,35 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 18,00 часот.)

**Љупчо Јордановски:** Почитувани пратеници објавувам дека тука е крајот на денешната седница.

Продолжуваме со работа во понеделник во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,01 часот).